Службен весник на Република Македонија

Број 13 **23 јануари 2014, четврток** **година LXX**

www.slvesnik.com.mk **contact@slvesnik.com.mk**

С О Д Р Ж И Н А

		Стр.
327.	**Закон** за реализација на инфраструктурен проект за изградба на магистрален гасовод, Делница „Клечовце - Блок станица 5“	**2**
328.	**Закон** за изменување и дополнување на Законот за данокот на добивка	**4**
329.	**Закон** за изменување и дополнување на Законот за персоналниот данок на доход	**4**
330.	**Закон** за изменување и дополнување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги	**5**
331.	**Закон** за изменување и дополнување на Законот за медиуми	**6**
332.	**Указ** бр. 53 од Претседателот на Република Македонија	**8**
333.	**Указ** бр. 54 од Претседателот на Република Македонија	**8**
334.	**Одлука** за давање на согласност за склучување на Договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба	**9**
335.	**Одлука** за давање согласност на инвестиционите програми на АД за транспорт МЖ Транспорт АД-Скопје за период од 2014 година до 2016 година	**9**
336.	**Одлука** за давање согласност на Финансиската програма на АД за транспорт МЖ Транспорт АД-Скопје за 2014 година	**9**
337.	**Одлука** за давање на согласност за склучување на Договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба	**10**
338.	**Решение** за разрешување од должноста в.д. директор на Агенцијата за млади и спорт	**11**
339.	**Решение** за именување в.д. директор на Агенцијата за млади и спорт	**11**
340.	**Решение** за разрешување и именување членови на Управниот одбор на Агенцијата за планирање на просторот	**11**
341.	**Решение** за именување членови на Органот за надзор на ЈУ Центар за социјална работа Ресен	**12**
342.	**Решение** за разрешување и именување членови на Органот за надзор на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Крива Паланка	**12**
343.	**Решение** за именување членови на Органот за надзор на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Радовиш	**12**

		Стр.
344.	**Решение** за именување членови на Органот за надзор на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Делчево	**12**
345.	**Решение** за именување членови на Органот за надзор на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Прилеп	**13**
346.	**Правилник** за изменување на Правилникот за формата и содржината на образецот на возачката дозвола, начинот на нејзиното издавање и заменување и за начинот на водење на евиденцијата за издадени возачки дозволи во Министерството за внатрешни работи	**13**
347.	**Правилник** за начинот на вршење на контрола на квалитетот на тутунот, формата, содржината и начинот на издавање на сертификатот за квалитет, како и начинот и методите на земање на примероци за анализа на квалитет на тутунот	**19**
348.	**Правилник** за форма и содржина на образецот и начинот на водење на евиденција на колективни постапувачи и на производители кои склучиле договор за преземање на обврски за постапување со отпадната опрема со колективен постапувач	**22**
349.	**Одлука** на Уставниот суд на Република Македонија, У.бр. 43/2013 од 4 декември 2013 година	**23**
350.	**Издвоено мислење** на судија на Уставниот суд на Република Македонија	**25**
351.	**Решение** за издавање на дозвола за работа како овластен актуар	**27**
352.	**Решение** за издавање дозвола за вршење осигурително брокерски работи	**27**
353.	**Решение** за издавање на дозвола за работа како овластен актуар	**28**
354.	**Решение** за издавање на дозвола за работа како овластен актуар	**28**
355.	**Решение** за издавање дозвола за вршење осигурително брокерски работи	**28**
356.	**Решение** за издавање на дозвола за работа како овластен актуар	**29**
357.	**Одлука** за влегување во сила на Лиценца за вршење на енергетска дејност производство на електрична енергија	**30**
	Меѓународни договори	
1.	**Закон** за ратификација на Договорот меѓу Република Македонија и Босна и Херцеговина за измени и дополнувања на Договорот меѓу Република Македонија и Босна и Херцеговина за правна помош во граѓанските и кривичните предмети	**2**
2.	**Закон** за ратификација на Договорот за соработка од областа на трудот, социјалната сигурност и вработувањето меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Турција	**31**
3	**Закон** за ратификација на Договорот за трговија со оружје	**44**
	Огласен дел	**1-36**

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

327.

Врз основа на членот 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

У К А З
ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ИНФРАСТРУКТУРЕН ПРОЕКТ ЗА ИЗГРАДБА НА МАГИСТРАЛЕН ГАСОВОД, ДЕЛНИЦА „КЛЕЧОВЦЕ - БЛОК СТАНИЦА 5“

Се прогласува Законот за реализација на инфраструктурен проект за изградба на магистрален гасовод, Делница „Клечовце - Блок станица 5“,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 21 јануари 2014 година.

Бр. 07- 378/1
21 јануари 2014 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
Ѓорге Иванов, с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
Трајко Вељаноски, с.р.

З А К О Н
ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ИНФРАСТРУКТУРЕН ПРОЕКТ ЗА ИЗГРАДБА НА МАГИСТРАЛЕН ГАСОВОД, ДЕЛНИЦА „КЛЕЧОВЦЕ - БЛОК СТАНИЦА 5“

Член 1

Со овој закон се утврдува реализацијата на инфраструктурниот проект за изградба на магистрален гасовод, Делница „Клечовце - Блок станица 5“ (во натамошниот текст: гасоводната делница) во согласност со Спогодбата меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Руската Федерација за регулирање на обврските на поранешниот СССР по пресметките сврзани со стоковната размена меѓу поранешниот СССР и поранешната СФРЈ („Службен весник на Република Македонија“ број 116/10) (во натамошниот текст: Меѓувладината спогодба) и се определуваат субјектите кои ќе бидат вклучени во изградбата, прифаќањето на понудата, склучување на договор и начинот на натамошна соработка меѓу определените субјекти.

Член 2

Целта на овој закон е унапредување и развој на гасоводната инфраструктура во Република Македонија.

Член 3

Врз основа на водените преговори меѓу овластените претставници од Република Македонија и Руската

Федерација во врска со спроведување на Меѓувладината спогодба, а после доставувањето на конечната понуда од страна на ОАД Стројтрансгас Москва, Руска Федерација (во натамошниот текст: изведувачот), изградбата на гасоводната делница ќе опфати изведување на градежни, машински, електро работи и катодна заштита на линискиот дел од магистралниот гасовод со дијаметар DN=500 мм, со должина од 60,7 км, во чиј состав се седум блок станици и отпремна чистачка станица со дијаметар DN=500 мм, по должина на трасата, како и други работи кои ќе бидат предмет на регулирање со договор, за вкупна сума од 75.700.303,05 САД долари, што претставува регулирана сума согласно со Меѓувладината спогодба. Гасоводната делница ќе се гради по принципот „клуч во рака“.

Член 4

(1) Во својство на инвеститор на гасоводната делница, во смисла на Законот за градење, се определува Акционерско друштво за вршење на енергетски дејности Македонски енергетски ресурси Скопје во државна сопственост.

(2) Инвеститорот склучува договор за изградба на гасоводната делница со изведувачот, во кој договор ќе бидат содржани основните елементи определени во членот 3 од овој закон. Во постапката на преговарање со изведувачот и склучувањето на договорот инвеститорот задолжително ги применува одредбите од Меѓувладината спогодба.

Член 5

(1) По склучувањето на договорот за изградба од членот 4 став (2) од овој закон инвеститорот се стекнува со правото на градење на гасоводната делница која ќе ја гради во име и за сметка на Република Македонија.

(2) Средствата кои изнесуваат 20% од вкупната вредност на склучените договори согласно со членот 4 од Меѓувладината спогодба се обезбедуваат од Буџетот на Република Македонија, преку Министерството за транспорт и врски.

(3) Средствата потребни за дополнителни инвестициони вложувања и оперативно работење на инвеститорот до ставањето во употреба на гасоводната делница се обезбедуваат од Буџетот на Република Македонија, преку Министерството за транспорт и врски.

(4) За средствата од ставовите (2) и (3) на овој член Владата на Република Македонија донесува годишна програма, на предлог на Министерството за транспорт и врски.

Член 6

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

L I GJ

PËR REALIZIMIN E PROJEKTIT INSFRASTRUKTUROR PËR NDËRTIM TË GAZPËRÇUESIT MAGJISTRAL, SEGMENT I “KLEÇOVCË – BLLOK STACIONI 5”

Neni 1

Me këtë ligj përcaktohet realizimi i projektit infrastrukturor për ndërtimin e gazpërçuesit magjistral, Segmenti “Kleçovcë – Bllok stacioni 5” (në tekstin e mëtutjeshëm: segmenti gazpërçues) në pajtim me Marrëveshjen ndërmjet Qeverisë së Republikës së Maqedonisë dhe Qeverisë së Federatës Ruse për rregullimin e obligimeve të ish-BRSS-së sipas përllogaritjeve të lidhura me shkëmbimin e mallrave ndërmjet ish-BRSS-së dhe ish-RSFJ-së (“Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë” numër 116/10) (në tekstin e mëtutjeshëm: Marrëveshje ndërqeveritare) dhe përcaktohen subjektet që do të përfshihen në ndërtim, pranim të ofertës, lidhje të marrëveshjes dhe mënyra e bashkëpunimit të mëtutjeshëm ndërmjet subjekteve të caktuara.

Neni 2

Qëllimi i këtij ligji është përparimi dhe zhvillimi i infrastrukturës gazpërçuese në Republikën e Maqedonisë.

Neni 3

Në bazë të negociatave të mbajtura ndërmjet përfaqësuesve të autorizuar nga Republika e Maqedonisë dhe Federata Ruse lidhur me zbatimin e Marrëveshjes ndërqeveritare, e pas dorëzimit të ofertës përfundimtare nga OAD Strojtransgas Moskë, Federata Ruse (në tekstin e mëtutjeshëm: Realizues), ndërtimi i segmentit gazpërçues do të përfshijë kryerjen e punëve ndërtimore, makinerike, elektrike dhe mbrojtjen katodike të pjesës së linjës të gazpërçuesit magjistral me diametër DN=500mm, me gjatësi prej 60,7 km, në përbërjen e të cilit janë shtatë bllok stacione dhe stacion dërgues pastrimi me diametër DN=500mm, përgjatë trasesë, si dhe punë tjera që do të jenë lëndë e rregullimit me marrëveshje, për shumë të përgjithshme prej 75 700 303,05 dollarë amerikanë, që paraqet shumë të rregulluar në pajtim me Marrëveshjen ndërqeveritare. Segmenti gazpërçues do të ndërtohet sipas parimit “çelësi në dorë”.

Neni 4

(1) Në cilësi të investitorit të segmentit gazpërçues, sipas Ligjit për ndërtim caktohet Shoqëria aksionare për kryerje të veprimtarive energjetike Resurset Energjetike Maqedonase Shkup në pronësi shtetërore.

(2) Investitori lidh marrëveshje për ndërtim të segmentit gazpërçues me realizuesin, marrëveshje në të cilën do të përmbahen elementet themelore të përcaktuara në nenin 3 të këtij ligji. Në procedurën e negocimit me realizuesin dhe lidhjes së marrëveshjes, investitori detyrimisht i zbaton dispozitat e Marrëveshjes ndërqeveritare.

Neni 5

(1) Pas lidhjes së marrëveshjes për ndërtim nga neni 4 paragrafi 2 të këtij ligji, investitori e merr të drejtën për ndërtimin e segmentit gazpërçues, që do ta ndërtojë në emër dhe për llogari të Republikës së Maqedonisë.

(2) Mjetet që janë 20% nga vlera e përgjithshme e marrëveshjeve të lidhura në pajtim me nenin 4 të Marrëveshjes ndërqeveritare sigurohen nga Buxheti i Republikës së Maqedonisë, nëpërmjet Ministrisë së Transportit dhe Lidhjeve.

(3) Mjetet e nevojshme për depozitime plotësuese investuese dhe punë operative të investitorit, deri në lëshimin në përdorim të segmentit gazpërçues sigurohen nga Buxheti i Republikës së Maqedonisë, nëpërmjet Ministrisë së Transportit dhe Lidhjeve.

(4) Për mjetet nga paragrafët (2) dhe (3) të këtij neni Qeveria e Republikës së Maqedonisë miraton program vjetor, me propozim të Ministrisë së Transportit dhe Lidhjeve.

Neni 6

Ky ligj hyn në fuqi në ditën e tetë nga dita e botimit në "Gazetën Zyrtare të Republikës së Maqedonisë".

328.

Врз основа на членот 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

У К А З
ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ДАНОКОТ НА ДОБИВКА

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за данокот на добивка,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 21 јануари 2014 година.

Бр. 07- 390/1
21 јануари 2014 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
Горге Иванов, с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
Трајко Вељаноски, с.р.

ЗАКОН
ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ДАНОКОТ НА ДОБИВКА

Член 1

Во Законот за данокот на добивка („Службен весник на Република Македонија" број 80/93, 33/95, 43/95, 71/96, 5/97, 28/98, 11/2001, 2/2002, 44/2002, 51/2003, 120/2005, 139/2006, 160/2007, 159/2008, 85/10, 47/11, 135/11 и 79/13), по членот 12 се додава нов член 12-а, кој гласи:

„Член 12-а

За одаточиви расходи се сметаат и ненаплатените побарувања кои произлегуваат од трансфери на парични средства кои по својата економска суштина се заеми, доколку не се вратени во истата година во која е извршен трансферот на заемот."

Член 2

Во членот 17 став 2 зборовите: „членот 12" се заменуваат со зборовите: „членовите 12 и 12-а".

Член 3

Во членот 36-г став 3 по зборот „исплата" запирката се заменува со точка, а зборовите до крајот на реченицата се бришат.

Ставот 4 се менува и гласи:

„Приходите од дивиденди остварени со учество во капиталот на друг даночен обврзник не се вклучуваат во даночната основа, под услов да се одаточени кај даночниот обврзник кој врши исплата на дивиденди."

Член 4

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

L I GJ
PËR NDRYSHIMIN DHE PLOTËSIMIN E LIGJIT PËR TATIM MBI FITIM

Neni 1

Në Ligjin për tatim mbi fitim ("Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë" numër 80/93, 33/95, 43/95, 71/96, 5/97, 28/98, 11/2001, 2/2002, 44/2002, 51/2003, 120/2005, 139/2006, 160/2007, 159/2008, 85/10, 47/11, 135/11 dhe 79/13), pas nenit 12 shtohet neni i ri 12-a, si vijon:

"Neni 12-a

Si shpenzime të tatimuara konsiderohen edhe kërkesat e paarkëtuara që rezultojnë nga transfere të mjeteve në para të cilat sipas esencës së tyre ekonomike janë hua, nëse nuk kthehen në vitin e njëjtë në të cilin është kryer transferi i huas."

Neni 2

Në nenin 17 paragrafi 2 fjalët: "neni 12" zëvendësohen me fjalët: "nenet 12 dhe 12-a".

Neni 3

Në nenin 36-g paragrafi 3 pas fjalës "pagim" presja zëvendësohet me pikë, e fjalët deri në fund të fjalisë shlyhen.

Paragrafi 4 ndryshohet si vijon:

"Të hyrat nga dividendat e realizuara me pjesëmarrje në kapitalin e detyrësit tjetër tatimor nuk përfshihen në bazën tatimore, me kusht që të jenë të tatimuara te detyrësi tatimor që kryen pagesë të dividendave."

Neni 4

Ky ligj hyn në fuqi në ditën e tetë nga dita e botimit në "Gazetën Zyrtare të Republikës së Maqedonisë".

329.

Врз основа на членот 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

У К А З
ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПЕРСОНАЛНИОТ ДАНОК НА ДОХОД

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за персоналниот данок на доход,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 21 јануари 2014 година.

Бр. 07- 391/1
21 јануари 2014 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
Горге Иванов, с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
Трајко Вељаноски, с.р.

З А К О Н
ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПЕРСОНАЛНИОТ ДАНОК НА ДОХОД

Член 1

Во Законот за персоналниот данок на доход („Службен весник на Република Македонија" број 80/93, 3/94, 70/94, 71/96, 28/97, 8/2001, 50/2001, 52/2001, 2/2002, 44/2002, 96/2004, 120/2005, 52/2006, 139/2006, 6/2007, 160/2007, 159/2008, 20/2009, 139/2009, 171/10, 135/11, 166/12 и 187/13), во членот 54 по ставот 2 се додава нов став 3, кој гласи:

„По исклучок на ставот 2 на овој член, основа за пресметување на данокот кај игрите на среќа во обложувалница претставува износот на поединечната исплата на добивката намален за износот на поединечната уплата врз основа на која е остварена добивката."

Ставовите 3 и 4 стануваат ставови 4 и 5.

Член 2

Во членот 70 по ставот 1 се додава нов став 2, кој гласи:

„Обврзникот кој во текот на годината остварил добивки од посебните игри на среќа не е должен истите да ги прикаже во годишната даночна пријава."

Ставот 2 станува став 3.

Член 3

Во членот 77 по ставот 1 се додава нов став 2, кој гласи:

„Обврската од ставот 1 на овој член не се однесува на исплатувачот на добивки од посебните игри на среќа, но исплатувачот е должен на органот за јавни приходи, најдоцна до седми во тековниот за претходниот месец да му достави месечен извештај за исплатени приходи - добивки од игри на среќа и за пресметаниот и платен данок по одбивка.“

Ставовите 2, 3, 4 и 5 стануваат ставови 3, 4, 5 и 6.

Во ставот 6 кој станува став 7 бројот „2“ се заменува со бројот „3“, а бројот „5“ се заменува со бројот „6“.

Во ставот 7 кој станува став 8 зборовите: „ставови 3 и 4“ се заменуваат со зборовите: „ставови 4 и 5“.

По ставот 8 се додаваат два нови става 9 и 10, кои гласат:

„Месечниот извештај од ставот 2 на овој член содржи податоци за обврзникот (име и презиме и единствен матичен број на граѓанинот), износот на остварената добивка, износот на пресметаниот и платен персонален данок на доход и датата на исплатата на добивката.

Формата и содржината на месечниот извештај од ставот 2 на овој член ги пропишува министерот за финансии.“

Член 4

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”.

L I GJ
PËR NDRYSHIMIN DHE PLOTËSIMIN E LIGJIT PËR TATIM PERSONAL MBI TË ARDHURA

Neni 1

Në Ligjin për tatim personal mbi të ardhura (Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë" numër 80/93, 3/94,70/94, 71/96, 28/97, 8/2001, 50/2001, 52/2001, 2/2002, 44/2002, 96/2004, 120/2005, 52/2006, 139/2006, 6/2007, 16020/07, 159/2008, 20/2009, 139/2009,171/10,135/11, 166/12 dhe 187/13), në nenin 54 pas paragrafit 2 shtohet paragrafi i ri 3, si vijon:

"Me përjashtim të paragrafit 2 të këtij neni, bazë për llogaritjen e tatimit te lojërat e fatit në bastore, paraqet shuma e pagesës individuale të fitimit e zvogëluar për shumën e pagesës individuale në bazë të së cilës është realizuar fitimi."

Paragrafët 3 dhe 4 bëhen paragrafë 4 dhe 5.

Neni 2

Në nenin 70 pas paragrafit 1 shtohet paragrafi i ri 2, si vijon:

"Obliguesi i cili gjatë vitit ka realizuar fitime nga lojërat e veçanta të fatit nuk obligohet që të njëjtat t'i paraqesë në fletëparaqitjen tatimore vjetore."

Paragrafi 2 bëhet paragraf 3.

Neni 3

Në nenin 77 pas paragrafi 1 shtohet paragrafi i ri 2, si vijon:

"Obligimi nga paragrafi 1 i këtij neni nuk ka të bëjë me paguesin e fitimeve nga lojërat e veçanta të fatit, por paguesi është i obliguar që organit të hyrjeve publike, më së voni deri më të shtatin e muajit rrjedhës për muajin paraprak t'i paraqesë raport mujor për hyrjet- fitimet e paguara nga lojërat e fatit dhe për tatimin e llogaritur dhe të paguar për heqje."

Paragrafët 2, 3, 4 dhe 5 bëhen paragrafë 3, 4, 5 dhe 6.

Në paragrafin 6 i cili bëhet paragrafi 7 numri "2" zëvendësohet me numrin "3" ndërsa numri "5" zëvendësohet me numrin "6".

Në paragrafin 7 i cili bëhet paragrafi 8 fjalët: "paragrafët 3 dhe 4" zëvendësohen me fjalët: paragrafët 4 dhe 5".

Pas paragrafit 8 shtohen dy paragrafë të rinj 9 dhe 10, si vijojnë:

"Raporti mujor nga paragrafi 2 i këtij neni përmban të dhëna për obliguesin (emrin dhe mbiemrin dhe numrin unik amë të qytetarit), shumën e fitimit të realizuar, shumën e tatimit personal të llogaritur dhe të paguar të hyrjeve dhe datën e pagesës së fitimit.

Formën dhe përmbajtjen e raportit mujor nga paragrafi 2 të këtij neni i përcakton ministri i Financave."

Neni 4

Ky ligj hyn në fuqi ditën e tetë nga dita e botimit në "Gazetën Zyrtare të Republikës së Maqedonisë"

330.

Врз основа на членот 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

У К А З
ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 22 јануари 2014 година.

Бр. 07- 413/1
22 јануари 2014 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
Горге Иванов, с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
Трајко Вељаноски, с.р.

З А К О Н
ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

Член 1

Во Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ број 184/13), во членот 2 по алинејата 1 се додава нова алинеја 2, која гласи:

“- промовирање на слободата на изразување,“.

Алинеите 2, 3, 4, 5, 6, 7, 8, 9, 10 и 11 стануваат алинеи 3, 4, 5, 6, 7, 8, 9, 10, 11 и 12.

Член 2

Во членот 6 по алинејата 1 се додава нова алинеја 2, која гласи:

“- ја поттикнува слободата на изразување,“.

Алинеите 2, 3, 4, 5, 6, 7, 8, 9, 10, 11, 12, 13, 14, 15 и 16 стануваат алинеи 3, 4, 5, 6, 7, 8, 9, 10, 11, 12, 13, 14, 15, 16 и 17.

Член 3

Во членот 14 став (2) алинејата 1 се менува и гласи:

“- двете здруженија на новинари од Република Македонија со најголем број членови предлагаат по еден член на Советот,“.

Алинејата 4 се брише.

Алинеите 5 и 6 стануваат алинеи 4 и 5.

Во ставот (4) броевите “1, 2, 3 и 4“ се заменуваат со броевите “1, 2 и 3“.

Во ставот (11) во првата реченица зборовите: “го утврдува мнозинското здружение“ се заменуваат со зборовите: “ги утврдува здруженијата“.

Член 4

Во членот 21 по ставот (5) се додава нов став (6), кој гласи:

“(6) Одлуката од ставот (3) на овој член е конечна, а против истата може да се поднесе тужба до надлежниот суд, согласно со закон.“

Член 5

Во членот 29 став (1) зборовите: “и на електронските публикации“ и броевите “7“ и “10“ се бришат.

Член 6

Во членот 48 по ставот (1) се додава нов став (2), кој гласи:

“(2) Посебните забрани од ставот (1) на овој член треба да бидат во согласност со практиката на Европскиот суд за човекови права.“

Член 7

Во членот 152 ставот (1) се менува и гласи:

“Собранието на Република Македонија ќе упати јавен повик за доставување на предлог на кандидати за членови на Советот на Агенцијата, согласно со членот 14 од овој закон, во рок од 30 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон.“

Во ставот (9) точката на крајот од реченицата се заменува со запирка и се додаваат зборовите: “а до денот на влегувањето во сила на актите, ќе се применуваат актите што важеле до денот на влегувањето во сила на овој закон.“

Член 8

Во членот 153 став (9) точката на крајот од реченицата се заменува со запирка и се додаваат зборовите: “а до денот на влегувањето во сила на актите, ќе се применуваат актите што важеле до денот на влегувањето во сила на овој закон.“

Член 9

Овој закон влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

L I GJ
PËR NDRYSHIMIN DHE PLOTËSIMIN E LIGJIT PËR SHËRBIME AUDIO DHE AUDIOVIZUELE MEDIATIKE

Neni 1

Në Ligjin për shërbime audio dhe audiovizuele mediatike ("Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë" numër 185/13), në nenin 2 pas alinesë 1 shtohet aline e re 2, si vijon:

" - promovim të lirisë së shprehjes,".

Alinetë 2, 3, 4, 5, 6, 7, 8, 9, 10 dhe 11 bëhen aline 3, 4, 5, 6, 7, 8, 9, 10, 11 dhe 12.

Neni 2

Në nenin 6 pas alinesë 1 shtohet aline e re 2, si vijon:

"- e nxit lirinë e shprehjes,".

Alinetë 2, 3, 4, 5, 6, 7, 8, 9, 10, 11, 12, 13, 14, 15 dhe 16 bëhen aline 3, 4, 5, 6, 7, 8, 9, 10, 11, 12, 13, 14, 15, 16 dhe 17.

Neni 3

Në nenin 14 paragrafi (2) alineja 1 ndryshohet si vijon:

"- të dyja shoqatat e gazetarëve të Republikës së Maqedonisë me numër më të madh të anëtarëve propozojnë nga një anëtar të Këshillit,".

Alineja 4 shlyhet.

Alinetë 5 dhe 6 bëhen aline 4 dhe 5.

Në paragrafin (4) numrat "1, 2, 3 dhe 4" zëvendësohen me numrat “1, 2 dhe 3“.

Në paragrafin (11) në fjalinë e parë fjalët: "e përcakton shoqatën shumicë" zëvendësohen me fjalët: "i përcakton shoqatat".

Neni 4

Në nenin 21 pas paragrafit (5) shtohet paragraf i ri (6), si vijon:

"(6) Vendimi nga paragrafi (3) i këtij neni është përfundimtar, e kundër të njëjtit mund të parashtrohet padi në gjykatën kompetente, në pajtim me ligjin."

Neni 5

Në nenin 29 paragrafi (1) fjalët: "dhe të publikimeve elektronike" dhe numrat "7" dhe "10" shlyhen.

Neni 6

Në nenin 48 pas paragrafit (1) shtohet paragraf i ri (2), si vijon:

"(2) Ndalimet e posaçme nga paragrafi (1) i këtij neni duhet të jenë në pajtim me praktikën e Gjykatës Evropiane për të Drejtat e Njeriut."

Neni 7

Në nenin 152 paragrafi (1) ndryshohet si vijon:

"Kuvendi i Republikës së Maqedonisë do t'u dërgojë thirrje publike për dorëzim të propozimit të kandidateve për anëtarë të Këshillit të Agjencisë, në pajtim me nenin 14 të këtij ligji, në afat prej 30 ditësh nga dita e hyrjes në fuqi të këtij ligji."

Në paragrafin (9) pika në fund të fjalisë zëvendësohet me presje dhe shtohen fjalët: "ndërsa deri në ditën e hyrjes në fuqi të akteve, do të zbatohen aktet që kanë vlejtur deri në ditën e hyrjes në fuqi të këtij ligji.

Neni 8

Në nenin 153 paragrafi (9) pika në fund të fjalisë zëvendësohet me presje dhe shtohen fjalët: "ndërsa deri në ditën e hyrjes në fuqi të akteve, do të zbatohen aktet në fuqi deri në ditën e hyrjes në fuqi të këtij ligji."

Neni 9

Ky ligj hyn në fuqi në ditën e ardhshme nga dita e botimit në "Gazetën Zyrtare të Republikës së Maqedonisë".

331.

Врз основа на членот 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

У К А З
ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА МЕДИУМИ

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за медиуми,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 22 јануари 2014 година.

Бр. 07- 414/1
22 јануари 2014 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
Ѓорге Иванов, с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
Трајко Вељаноски, с.р.

З А К О Н
ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА МЕДИУМИ

Член 1

Во Законот за медиуми ("Службен весник на Република Македонија" број 184/13), членот 1 се менува и гласи:

"(1) Со овој закон се пропишуваат основните начела и услови што треба да бидат исполнети од страна на издавачите на медиуми утврдени со овој закон при вршење на дејноста, како и обезбедување на заштита на малолетни лица, одговорен уредник и уредништво, правото на новинар да го изнесе своето мислење и став и да одбие да изврши налог, односно задача, заштита на изворот на информации, импресум, јавност во работата на издавачот на медиум и правото на исправка и одговор на објавена информација.

(2) Предмет на овој закон не се содржините што се објавуваат во медиум и ниту една одредба од овој закон не смее да се толкува на начин што ќе значи регулација на содржините."

Член 2

Во членот 2 точки 1 и 4 зборовите: "електронски публикации" се бришат.

Точката 3 се брише.

Точките 4, 5 и 6 стануваат точки 3, 4 и 5.

Член 3

Во членот 3 став (2) зборовите: "како и други електронски медиуми" се бришат.

Член 4

Во членот 4 по ставот (1) се додава нов став (2), кој гласи:

"(2) Посебните забрани од ставот (1) на овој член треба да бидат во согласност со практиката на Европскиот суд за човекови права."

Член 5

Во членот 5 став (1) зборовите: "или на издавање на електронска публикација" се бришат.

Ставот (5) се менува и гласи:

"Регистарот на издавачи на печатен медиум содржи податоци за:

- фирмата и седиштето, односно назив и адреса на издавачот на печатен медиум,
- име и презиме на одговорното лице на издавачот на печатен медиум и
- името на весникот или на магазинот."

Член 6

Во членот 6 ставот (2) се брише.

Ставот (3) станува став (2).

Член 7

Насловот на членот 7 и членот 7 се бришат.

Член 8

Во членот 8 став (2) првата реченица се менува и гласи: "Пред именувањето или разрешувањето на одговорниот уредник, издавачот на медиум може да побара мислење од уредништвото."

Член 9

Во членот 9 во првата реченица зборовите: "доколку со актот од членот 10 став (1) од овој закон тоа е утврдено" се бришат.

Член 10

Насловот на членот 10 и членот 10 се бришат.

Член 11

Во членот 11 став (1) зборовите: "од членот 10 став (3) од овој закон" се бришат.

Член 12

Во членот 12 став (3) зборовите: "на начин утврден со актот од членот 10 став (1) од овој закон" се бришат.

Член 13

Во членот 14 став (1) зборовите: "веб страница" се бришат.

Ставот (3) се брише.

Ставот (4) станува став (3).

Член 14

Во членот 15 став (2) зборовите: "и издавачите на електронски публикации" се бришат.

Член 15

Во членот 18 ставот (3) се брише.

Член 16

Во членот 29 став (1) броевите "7" и "10" се бришат.

Член 17

Во членот 30 став (1) точката 2 се брише.

Точките 3, 4, 5 и 6 стануваат точки 2, 3, 4 и 5.

Член 18

Во членот 31 став (1) точките 1 и 2 се бришат.

Точките 3, 4, 5, 6, 7 и 8 стануваат точки 1, 2, 3, 4, 5 и 6.

Член 19

Членот 32 се брише.

Член 20

Во членот 33 зборовите: "и за постоечките издавачи на електронски публикации" се бришат.

Член 21

Овој закон влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

L I GJ
PËR NDRYSHIMIN DHE PLOTËSIMIN E LIGJIT PËR MEDIA

Neni 1

Në Ligjin për media ("Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë" numër 184/13), neni 1 ndryshohet si vijon:

"(1) Me këtë ligj përcaktohen parimet themelore dhe kushtet të cilat duhet të plotësohen nga emetuesit e medieve të përcaktuar me këtë ligj, gjatë kryerjes së veprimtarisë, si dhe sigurimi i mbrojtjes së personave të mitur, redaktorit përgjegjës dhe redaksisë, e drejta e gazetarit që ta shpreh mendimin dhe qëndrimin e tij dhe të refuzojë të zbatojë urdhër, përkatësisht detyrë, mbrojtja e burimit të informatave, impresum, transparenca në punën e emetuesit të medies dhe e drejta e korrigjimit dhe përgjigjes së informatës së publikuar.

(2) Lëndë e këtij ligji nuk janë përmbajtjet që publikohen në media dhe asnjë dispozitë e këtij ligji nuk guxon të interpretohet në mënyrë që do të thotë rregullim i përmbajtjeve."

Neni 2

Në nenin 2 pikat 1 dhe 4 fjalët: "publikime elektronike" shlyhen.

Pika 3 shlyhet.
Pikat 4, 5 dhe 6 bëhen pika 3, 4 dhe 5.

Neni 3
Në nenin 3 paragrafi (2) fjalët: "si dhe media tjera elektronike" shlyhen.

Neni 4
Në nenin 4 pas paragrafit (1) shtohet paragrafi i ri (2), si vijon:
"(2) Ndalimet e veçanta nga paragrafi (1) i këtij neni duhet të jenë në pajtim me praktikën e Gjykatës Evropiane për të Drejtat e Njeriut."

Neni 5
Në nenin 5 paragrafi (1) fjalët: "ose të emetimit të publikimit elektronik " shlyhen.
Paragrafi (5) ndryshohet si vijon:
"Regjistri i emetuesve të medies së shtypur përmban të dhëna për:
- firmën dhe selinë, përkatësisht emrin dhe adresën e emetuesit të medies së shtypur,
- emrin dhe mbiemrin e personit përgjegjës të emetuesit të medies së shtypur dhe
- emrin e gazetës ose të magazinës."

Neni 6
Në nenin 6 paragrafi (2) shlyhet.
Paragrafi (3) bëhet paragraf (2).

Neni 7
Titulli i nenit 7 dhe neni 7 shlyhen.

Neni 8
Në nenin 8 paragrafi (2) fjalia e parë ndryshohet si vijon:
"Para emërimit ose shkarkimit të redaktorit përgjegjës, emetuesi i medies mund të kërkojë mendim nga redaksia."

Neni 9
Në nenin 9 në fjalinë e parë fjalët: "nëse me aktin nga neni 10 paragrafi (1) të këtij ligji kjo është përcaktuar" shlyhen.

Neni 10
Titulli i nenit 10 dhe neni 10 shlyhen.

Neni 11
Në nenin 11 paragrafi (1) fjalët: "nga neni 10 paragrafi (3) të këtij ligji" shlyhen.

Neni 12
Në nenin 12 paragrafi (3) fjalët: "në mënyrë përcaktuar me aktin nga neni 10 paragrafi (1) të këtij ligji" shlyhen.

Neni 13
Në nenin 14 paragrafi (1) fjalët: "ueb faqen" shlyhen.
Paragrafi (3) shlyhet.
Paragrafi (4) bëhet paragraf (3).

Neni 14
Në nenin 15 paragrafi (2) fjalët: "dhe emetuesit e publikimeve elektronike" shlyhen.

Neni 15
Në nenin 18 paragrafi (3) shlyhet.

Neni 16
Në nenin 29 paragrafi (1) numrat "7" dhe "10" shlyhen.

Neni 17
Në nenin 30 paragrafi (1) pika 2 shlyhet.
Pikat 3, 4, 5 dhe 6 bëhen pika 2, 3, 4 dhe 5.

Neni 18
Në nenin 31 paragrafi (1) pikat 1 dhe 2 shlyhen.
Pikat 3, 4, 5, 6, 7 dhe 8 bëhen pika 1, 2, 3, 4, 5 dhe 6.

Neni 19
Neni 32 shlyhet.

Neni 20
Në nenin 33 fjalët: "dhe për emetuesit ekzistues të publikimeve elektronike" shlyhen.

Neni 21
Ky ligj hyn në fuqi në ditën e ardhshme nga dita e botimit në "Gazetën Zyrtare të Republikës së Maqedonisë".

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

332.
Указ бр. 53
23 јануари 2014 година

Врз основа на член 84, алинеја 8 од Уставот на Република Македонија

СЕ ОДЛИКУВА

ЕВГЕНИЈ СУХАНОВ

СО ОРДЕН ЗА ЗАСЛУГИ ЗА МАКЕДОНИЈА

За особени заслуги во остварувањето и во унапредувањето на соработката меѓу високообразовните институции на Република Македонија и Руската Федерација со што даде значаен придонес за развојот на пријателските односи меѓу двете држави.

Бр. 10-123/1
23 јануари 2014 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
д-р **Горге Иванов,** с.р.

333.
Указ бр. 54
23 јануари 2014 година

Врз основа на член 84, алинеја 8 од Уставот на Република Македонија

СЕ ОДЛИКУВА

ЕЛЕНА ВЕРИЖНИКОВА

СО МЕДАЛ ЗА ЗАСЛУГИ ЗА МАКЕДОНИЈА

За исклучителен придонес во афирмацијата и во популаризацијата на современиот македонски јазик, литература и култура во Руската Федерација и пошироко во светот.

Бр. 10-124/1
23 јануари 2014 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
д-р **Горге Иванов,** с.р.

ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

334.

Врз основа на член 67 став 1 од Законот за земјоделското земјиште („Службен весник на Република Македонија“, бр. 135/2007, 18/2011, 148/2011, 95/2012, 79/2013, 87/2013, 106/2013 и 164/2013), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 14.01.2014 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ДАВАЊЕ НА СОГЛАСНОСТ ЗА СКЛУЧУВАЊЕ НА ДОГОВОР ЗА ЗАКУП НА ЗЕМЈОДЕЛСКО ЗЕМЈИШТЕ СО НЕПОСРЕДНА СПОГОДБА

Член 1

Со оваа одлука се дава согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Трговското друштво за производство на земјоделски производи ЕКО ОАЗА – САМАНДОВ ДОО с.Таринци – Карбинци на земјоделско земјиште со вкупна површина под оранжерии од 170297м2 во КО Таринци запишано во Имотен лист бр.20246 и тоа: на КП бр.22/2, м.в.Гладно Поле, катастарска култура нива под оранжерии, површина 15129м2, КПбр.22/3, м.в.Гладно Поле, катастарска култура нива под оранжерии, површина 15129м2, КП бр.22/4, м.в.Гладно Поле, катастарска култура нива под оранжерии, површина 15129м2, КП бр.22/5, м.в.Гладно Поле, катастарска култура нива под оранжерии, површина 15129м2, КП бр.22/6, м.в.Гладно Поле, катастарска култура нива под оранжерии, површина 15129м2, КПбр.22/7, м.в.Гладно Поле, катастарска култура нива под оранжерии, површина 15129м2, КПбр.22/8, м.в.Гладно Поле, катастарска култура нива под оранжерии, површина 15129м2, КП бр.22/9, м.в.Гладно Поле, катастарска култура нива под оранжерии, површина 3842м2, КПбр.22/10, м.в.Гладно Поле, катастарска култура нива под оранжерии, површина 15138м2, КП бр.22/11, м.в.Гладно Поле, катастарска култура нива под оранжерии, површина 15138м2, КП бр.22/12, м.в.Гладно Поле, катастарска култура нива под оранжерии, површина 15138м2 и КП бр.22/13, м.в.Гладно Поле, катастарска култура нива под оранжерии, површина 15138м2.

Член 2

Договорот за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба од член 1 на оваа одлука ќе го потпише министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, во рок од 30 дена од денот на влегувањето во сила на оваа одлука.

Член 3

Договорот за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба од член 1 се склучува во времетраење од една година од денот на стапување во сила на договорот.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 41-9751/1-13
14 јануари 2014 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
м-р **Никола Груевски,** с.р.

335.

Врз основа на член 5 став (8) од Законот за железничкиот систем („Службен весник на Република Македонија“, бр.48/2010, 23/2011, 80/2012, 155/2012 и 163/2013), Владата на Република Македонија, во својство на Собрание на Друштвото, на седницата, одржана на 14.01.2014 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ИНВЕСТИЦИОНИТЕ ПРОГРАМИ НА АД ЗА ТРАНСПОРТ МЖ ТРАНСПОРТ АД - СКОПЈЕ ЗА ПЕРИОД ОД 2014 ГОДИНА ДО 2016 ГОДИНА

Член 1

Со оваа одлука се дава согласност на инвестиционите програми на Акционерското друштво за транспорт Македонски железници Транспорт АД-Скопје содржана во Бизнис планот на МЖ Транспорт АД-Скопје за 2014 година до 2016 година, бр. 1660/1-8 од 6.12.2013 година, усвоени од Управниот одбор на Друштвото, на седницата одржана на 6.12.2013 година.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 41-10534/1-13
14 јануари 2014 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
м-р **Никола Груевски,** с.р.

336.

Врз основа на член 5 став (8) од Законот за железничкиот систем („Службен весник на Република Македонија“, бр.48/2010, 23/2011, 80/2012, 155/2012 и 163/2013), Владата на Република Македонија, во својство на Собрание на Друштвото, на седницата, одржана на 14.01.2014 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ФИНАНСИСКАТА ПРОГРАМА НА АД ЗА ТРАНСПОРТ МЖ ТРАНСПОРТ АД-СКОПЈЕ ЗА 2014 ГОДИНА

Член 1

Со оваа одлука се дава согласност на Финансиската програма на Акционерското друштво за транспорт Македонски железници Транспорт АД-Скопје, содржана во Бизнис планот на Акционерското друштво за транспорт Македонски железници Транспорт АД-Скопје за 2014 година, усвоена од Управниот одбор на Друштвото, со Одлука бр. 1660/1-9 од 6.12.2013 година.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 41-10534/2-13
14 јануари 2014 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
м-р **Никола Груевски,** с.р.

337.

Врз основа на член 38 став 3 и став 4 од Законот за земјоделското земјиште („Службен весник на Република Македонија“ бр.135/07, 18/11, 148/11, 95/12, 79/13, 87/13, 106/13 и 164/13), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 14.1.2014 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ДАВАЊЕ НА СОГЛАСНОСТ ЗА СКЛУЧУВАЊЕ НА ДОГОВОР ЗА ЗАКУП НА ЗЕМЈОДЕЛСКО ЗЕМЈИШТЕ СО НЕПОСРЕДНА СПОГОДБА

Член 1

Со оваа одлука се дава согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Трговското друштво за внатрешен и надворешен промет ЗЕГИН ДОО Скопје, со вкупна површина под долгогодишен лозов насад од 432ха 83ар 20м2 и тоа во КО Црнилиште – вон г.р. запишани во Имотен лист бр.6 на КП бр.3219, м.в.Косап Оргач, катастарска култура лозје, катастарска класа 3, површина 74043м2, КП бр.3221, м.в.Косап Оргач, катастарска култура лозје, катастарска класа 3, површина 19556м2, КП бр.3222, м.в.Помагурска Патка, катастарска култура лозје, катастарска класа 3, површина 19156м2; во КО Аџи Матово запишани во Имотен лист бр.34 на КП бр.1205/2, м.в.Мера, катастарска култура лозје, катастарска класа 3, површина 2087м2, во Имотен лист бр.250 на КП бр.760/2, м.в.Спроти Село, катастарска култура лозје, катастарска класа 3, површина 120920м2; во Имотен лист бр.245 на дел од КП бр.762/2, м.в.Мера, катастарска култура лозје, катастарска класа 3, површина 556637м2, дел од КП бр.762/3, м.в.Мера, катастарска култура лозје, катастарска класа 3, површина 13659м2; во КО Дорфулија запишани во Имотен лист бр.1171 на КП бр.118, м.в.Карши Кумсол, катастарска култура лозје, катастарска класа 3, површина 10371м2, КП бр.362/2, м.в.Јазли, катастарска култура лозје, катастарска класа 3, површина 82841м2, КП бр.55/1, м.в.Карши Кумсол, катастарска култура лозје, катастарска класа 3, површина 199380м2, КП бр.55/2, м.в.Карши Кумсол, катастарска култура лозје, катастарска класа 3, површина 148293м2 и КП бр.55/4, м.в.Карши Кумсол, катастарска култура лозје, катастарска класа 3, површина 580864м2; во КО Милино вон г.р. запишани во Имотен лист бр.1 на КП бр.1571/3, мв.Калшибалар, катастарска култура лозје, катастарска класа 4, површина 438422м2, КП бр.1619, м.в.Калшибалар, катастарска култура лозје, катастарска класа 3, површина 190200м2, КП бр.2282/2, м.в.Куридере, катастарска култура лозје, катастарска класа 4, површина 47100м2, КП бр.2351/1, м.в.Кумлар, катастарска култура лозје, катастарска класа 3, површина 49960м2, КП бр.2351/2, м.в.Кумлар, катастарска култура лозје, катастарска класа 4, површина 40417м2, КП бр.2357, м.в.Кумлар, катастарска култура лозје, катастарска класа 3, површина 216200м2, КП бр.2678, м.в.Кашбалар, катастарска култура лозје, катастарска класа 3, површина 167080м2, КП бр. 2708/1, м.в.Деретрло, катастарска култура лозје, катастарска класа 3, површина 211056м2, КП бр.2708/2, м.в.Деретрло, катастарска култура лозје, катастарска класа 3, површина 139937м2; во КО Лозово вон г.р. запишани во Имотен лист бр.14 на КП бр.431, м.в.Топук, катастарска култура лозје, катастарска класа 4, површина 2556м2, КП бр.446, м.в.Топук, катастарска култура лозје, катастарска класа 4, површина 4234м2, КП бр.447, мв.Топук, катастарска култура лозје, катастарска класа 4, површина 5752м2, КП бр.448, м.в.Топук, катастарска култура лозје, катастарска класа 4, површина 699м2, КП бр.449, м.в. Топук, катастарска култура лозје, катастарска класа 4, површина 7629м2, КП бр.450, м.в.Топук, катастарска култура лозје, катастарска класа 4, површина 1616м2, КП бр.451, мв.Топук, култура лозје, класа 4, површина 1666м2, КП бр.452, м.в.Топук, катастарска култура лозје, катастарска класа 4, површина 3205м2, КП бр.453, м.в.Топук, катастарска култура лозје, катастарска класа 4, површина 3225м2, КП бр.454, м.в. Топук, катастарска култура лозје, катастарска класа 4, површина 18807м2, КП бр.455, м.в.Топук, катастарска култура лозје, катастарска класа 4, површина 3481м2, КП бр.456/6, м.в.Топук, катастарска култура лозје, катастарска класа 4, површина 269747м2, КП бр.456/7, мв.Топук, катастарска култура лозје, катастарска класа 4, површина 2611м2, КП бр.456/8, м.в.Топук, катастарска култура лозје, катастарска класа 4, површина 2214м2, КП бр. 457, м.в.Топук, катастарска култура лозје, катастарска класа 4, површина 7991м2, КП бр.458, м.в.Топук, катастарска култура лозје, катастарска класа 4, површина 6622м2, КП бр.459, м.в.Топук, катастарска култура лозје, катастарска класа 4, површина 15639м2, КП бр.460, м.в.Топук, катастарска култура лозје, катастарска класа 4, површина 4960м2, КП бр.486, м.в.Чаиртарлалар, катастарска култура лозје, катастарска класа 4, површина 5123м2, КП бр.487, м.в.Чаиртарлалар, катастарска култура лозје, катастарска класа 4, површина 1851м2, КП бр.489, м.в.Чаиртарлалар, катастарска култура лозје, катастарска класа 4, површина 1940м2, КП бр.490, м.в.Чаиртарлалар, катастарска култура лозје, катастарска класа 4, површина 3271м2, КП бр.491, м.в.Чаиртарлалар, катастарска култура лозје, катастарска класа 4, површина 4762м2, КП бр.492, м.в.Чаиртарлалар, катастарска култура лозје, катастарска класа 4, површина 2502м2, КП бр.493, м.в.Чаиртарлалар, катастарска култура лозје, катастарска класа 4, површина 2702м2, КП бр.515, м.в.Чаиртарлалар, катастарска култура лозје, катастарска класа 4, површина 1416м2, КП бр.516, м.в.Чаиртарлалар, катастарска култура лозје, катастарска класа 4, површина 1215м2, КП бр.517, м.в. Чаиртарлалар, катастарска култура лозје, катастарска класа 4, површина 241м2, КП бр.518, м.в. Чаиртарлалар, катастарска култура лозје, катастарска класа 4, површина 60м2, КП бр.519, м.в.Чаиртарлалар, катастарска култура лозје, катастарска класа 4, површина 20м2, КП бр.521, м.в.Чаиртарлалар, катастарска култура лозје, катастарска класа 4, површина 43535м2, КП бр.522, м.в. Чаиртарлалар, катастарска култура лозје, катастарска класа 4, површина 1318м2, КП бр.523, м.в.Гургур, катастарска култура лозје, катастарска класа 4, површина 4613м2, КП бр.524, м.в.Гургур, катастарска култура лозје, катастарска класа 4, површина 10924м2, КП бр.525, м.в.Гургур, катастарска култура лозје, катастарска класа 4, површина 4054м2, КП бр.526, м.в.Гургур, катастарска култура лозје, катастарска класа 4, површина 1238м2, КП бр.528, м.в.Гургур, катастарска култура лозје, катастарска класа 4, површина 13200м2, КП бр.552, м.в.Кзлач, катастарска култура лозје, катастарска класа 4, површина 5508м2, КП бр.553, м.в. Кзлач, катастарска култура лозје, катастарска класа 4, површина 7972м2, КП бр.554, м.в.Кзлач, катастарска култура лозје, катастарска класа 4, површина 2083м2, КП бр.555, м.в.Кзлач, катастарска култура лозје, катастарска класа 4, површина 2053м2, КП бр.556, м.в.Кзлач, катастарска култура лозје, катастарска класа 4, површина 1963м2, КП бр.557, м.в.Кзлач, катастарска култура лозје, катастарска класа 4, површина 5378м2, КП бр.558, м.в.Кзлач, катастарска култура лозје, катастарска класа 4, површина 4677м2, КП бр.559, м.в.Тупук, катастарска култура лозје, катастарска класа 4, површина 5037м2, КП бр.562, м.в.Тупук, катастарска култура лозје, катастарска класа 4, површина 2724м2, КП бр.563, м.в.Тупук, катастарска култура лозје, катастар-

ска класа 4, површина 2604м2, КП бр.564, м.в.Тупук, катастарска култура лозје, катастарска класа 4, површина 2684м2, КП бр.565, м.в. Топук, катастарска култура лозје, катастарска класа 4, површина 2754м2, КП бр.566, м.в.Топук, катастарска култура лозје, катастарска класа 4, површина 6259м2, КП бр.571, м.в.Топук, катастарска култура лозје, катастарска класа 4, површина 2670м2, КП бр.572, м.в.Топук, катастарска култура лозје, катастарска класа 4, површина 946м2, КП бр.573, м.в.Топук, катастарска култура лозје, катастарска класа 4, површина 837м2, КП бр.574, м.в.Топук, катастарска култура лозје, катастарска класа 4, површина 6235м2, КП бр.575, м.в.Топук, катастарска култура лозје, катастарска класа 4, површина 1733м2, КП бр.576, м.в.Топук, катастарска култура лозје, катастарска класа 4, површина 3297м2, КП бр.577, м.в.Топук, катастарска култура лозје, катастарска класа 4, површина 3884м2, КП бр.668/1, м.в.Гургур, катастарска култура лозје, катастарска класа 4, површина 53942м2, КП бр.668/3, м.в.Гургур, катастарска култура лозје, катастарска класа 4, површина 16630м2, КП бр.668/4, м.в.Гургур, катастарска култура лозје, катастарска класа 4, површина 8977м2.

Член 2

Договорот за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба од член 1 ќе го потпише министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, во рок од 30 дена од денот на влегувањето во сила на оваа одлука.

Член 3

Договорот за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба од член 1 се склучува во времетраење од една година од денот на стапување во сила на договорот.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 41-10686/1-13
14 јануари 2014 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
м-р **Никола Груевски,** с.р.

338.

Врз основа на член 47 став 2 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија “ бр. 58/2000, 44/2002, 82/2008, 167/2010 и 51/2011), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 8 јануари 2014 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ ОД ДОЛЖНОСТА В.Д. ДИРЕКТОР НА АГЕНЦИЈАТА ЗА МЛАДИ И СПОРТ

1. Александар Пујовски се разрешува од должноста вршител на должноста директор на Агенцијата за млади и спорт.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 24-180/1
8 јануари 2014 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
м-р **Никола Груевски,** с.р.

339.

Врз основа на член 47 став 2 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија “ бр.58/2000, 44/2002, 82/2008, 167/2010 и 51/2011), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 8 јануари 2014 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ИМЕНУВАЊЕ В.Д. ДИРЕКТОР НА АГЕНЦИЈАТА ЗА МЛАДИ И СПОРТ

1. За вршител на должноста директор на Агенцијата за млади и спорт се именува Марјан Спасески.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 24-181/1
8 јануари 2014 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
м-р **Никола Груевски,** с.р.

340.

Врз основа на член 40 и 41 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на Република Македонија“ бр. 51/2005, 137/2007, 91/2009, 124/2010, 18/2011, 53/2011, 144/2012, 55/2013 и 163/2013), Владата на Република Македонија на седницата одржана на 8 јануари 2014 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕНОВИ НА УПРАВНИОТ ОДБОР НА АГЕНЦИЈАТА ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ

1. Од должноста членови на Управниот одбор на Агенцијата за планирање на просторот, поради истек на мандатот се разрешуваат:

- Соња Фурнациска
- Рада Филиповска
- Орхан Рамадани
- Виолета Дракуловска
- Мериме Мустафи
- Александар Јанакиески, поради заминување на друга должност.

2. За членови на Управниот одбор на Агенцијата за планирање на просторот се именуваат:

- Хусни Тачи
- Неби Реџепи
- Весна Андриеска
- Божин Ложанкоски
- Јасминка Милошевска
- Андријана Андреева.

3. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 24-183/1
8 јануари 2014 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
м-р **Никола Груевски,** с.р.

341.

Врз основа на член 107 од Законот за социјалната заштита („Службен весник на Република Македонија“ бр. 79/2009, 36/2011, 51/2011, 166/2012, 15/2013, 79/2013, 164/2013 и 187/2013), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 14 јануари 2014 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕНОВИ НА ОРГАНОТ ЗА НАДЗОР НА ЈУ ЦЕНТАР ЗА СОЦИЈАЛНА РАБОТА РЕСЕН

1. За членови на Органот за надзор на ЈУ Центар за социјална работа Ресен се именуваат:

- Елена Нечовска
- Верица Марковска
- Стерјо Ѓалевски.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија.“

Бр. 24-413/1
14 јануари 2014 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
м-р **Никола Груевски,** с.р.

342.

Врз основа на член 107 од Законот за социјалната заштита („Службен весник на Република Македонија“ бр. 79/2009, 36/2011, 51/2011, 166/2012, 15/2013, 79/2013, 164/2013 и 187/2013) и член 36 став 6 од Законот за Владата на Република Македонија (“Службен весник на Република Македонија” бр. 59/2000, 12/2003, 55/2005, 37/2006, 115/2007, 19/2008, 82/2008, 10/2010 51/2011 и 15/2013), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 14 јануари 2014 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕНОВИ НА ОРГАНОТ ЗА НАДЗОР НА ЈУ МЕЃУОПШТИНСКИ ЦЕНТАР ЗА СОЦИЈАЛНА РАБОТА КРИВА ПАЛАНКА

1. Од должноста членови на Органот за надзор на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Крива Паланка, поради истек на мандатот, се разрешуваат:

- Калина Трајковска
- Невенка Јовановска
- Мирослава Сеневска.

2. За членови на Органот за надзор на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Крива Паланка се именуваат:

- Христина Тодоровска
- Кристина Крстевска
- Оливер Станковски.

3. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 24-415/1
14 јануари 2014 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
м-р **Никола Груевски,** с.р.

343.

Врз основа на член 107 од Законот за социјалната заштита („Службен весник на Република Македонија“ бр. 79/2009, 36/2011, 51/2011, 166/2012, 15/2013, 79/2013, 164/2013 и 187/2013), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 14 јануари 2014 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕНОВИ НА ОРГАНОТ ЗА НАДЗОР НА ЈУ МЕЃУОПШТИНСКИ ЦЕНТАР ЗА СОЦИЈАЛНА РАБОТА РАДОВИШ

1. За членови на Органот за надзор на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Радовиш се именуваат:

- Зоран Арсов
- Марија Михаилова
- Катерина Ефтимова.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија.“

Бр. 24-417/1
14 јануари 2014 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
м-р **Никола Груевски,** с.р.

344.

Врз основа на член 107 од Законот за социјалната заштита („Службен весник на Република Македонија“ бр. 79/2009, 36/2011, 51/2011, 166/2012, 15/2013, 79/2013, 164/2013 и 187/2013), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 14 јануари 2014 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕНОВИ НА ОРГАНОТ ЗА НАДЗОР НА ЈУ МЕЃУОПШТИНСКИ ЦЕНТАР ЗА СОЦИЈАЛНА РАБОТА ДЕЛЧЕВО

1. За членови на Органот за надзор на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Делчево се именуваат:

- Александар Христов
- Александра Милчевска
- Анита Салтировска.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија.“

Бр. 24-420/1
14 јануари 2014 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
м-р **Никола Груевски,** с.р.

345.

Врз основа на член 107 од Законот за социјалната заштита („Службен весник на Република Македонија“ бр. 79/2009, 36/2011, 51/2011, 166/2012, 15/2013, 79/2013, 164/2013 и 187/2013), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 14 јануари 2014 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕНОВИ НА ОРГАНОТ ЗА НАДЗОР НА ЈУ МЕЃУОПШТИНСКИ ЦЕНТАР ЗА СОЦИЈАЛНА РАБОТА ПРИЛЕП

1. За членови на Органот за надзор на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Прилеп се именуваат:

- Александар Ѓорѓиоски
- Љубомир Дунимаглоски.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија.“

Бр. 24-421/1
14 јануари 2014 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
м-р **Никола Груевски,** с.р.

МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ

346.

Врз основа на член 417 алинеја 2 од Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата („Службен весник на Република Македонија” бр. 54/07, 86/08, 98/08, 64/09, 161/09, 36/11, 51/11 и 114/12), министерот за внатрешни работи донесе

П Р А В И Л Н И К
ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА ОБРАЗЕЦОТ НА ВОЗАЧКАТА ДОЗВОЛА, НАЧИНОТ НА НЕЈЗИНОТО ИЗДАВАЊЕ И ЗАМЕНУВАЊЕ И ЗА НАЧИНОТ НА ВОДЕЊЕ НА ЕВИДЕНЦИЈАТА ЗА ИЗДАДЕНИ ВОЗАЧКИ ДОЗВОЛИ ВО МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ

Член 1

Во Правилникот за формата и содржината на образецот на возачката дозвола, начинот на нејзиното издавање и заменување и за начинот на водење на евиденцијата за издадени возачки дозволи во Министерството за внатрешни работи („Службен весник на Република Македонија” бр. 116/07, 161/07 и 73/10) во член 5 ставот 2 се менува и гласи:

„Образецот на барањето од став 1 на овој член содржи:

1. назив на органот до кој се поднесува барањето;
2. наслов на барањето;
3. причина за поднесување на барањето;
4. податоци за подносителот на барањето: име, презиме (на македонски јазик), податоци во однос на јазикот и писмото со кои се испишува личното име на подносителот на барањето, единствен матичен број на граѓанинот (ЕМБГ), ден, месец и година на раѓање, место на раѓање, живеалиште и адреса;
5. постапка за издавање на возачка дозвола;
6. податоци за претходната возачка дозвола;
7. датум и место на поднесување на барањето, потпис на подносителот на барањето, податоци за контакт и потпис на службеното лице кое го примило барањето;
8. прилози кон барањето;
9. согласност од подносителот на барањето за користење на неговите лични податоци и место за потпис на подносителот, и
10. упатство за пополнување на барањето за издавање на возачка дозвола.“

Член 2

Обрасците бр. 2 и 2-а се заменуваат со нови обрасци бр. 2 и 2-а кои се дадени во прилог и се составен дел на овој правилник.

Член 3

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 12.1-3827/1
16 јануари 2014 година
Скопје

Министер
за внатрешни работи,
м-р **Гордана Јанкулоска,** с.р.

Образец бр. 2

ДО
МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ

БАРАЊЕ ЗА ИЗДАВАЊЕ НА ВОЗАЧКА ДОЗВОЛА

1. ПРИЧИНА ЗА ПОДНЕСУВАЊЕ НА БАРАЊЕТО
(се избира постапката на која се однесува барањето)

1.1. ИЗДАВАЊЕ НА ВОЗАЧКА ДОЗВОЛА ЗА ПРВ ПАТ ☐
1.2. ЗАМЕНА НА СТРАНСКА СО МАКЕДОНСКА ВОЗАЧКА ДОЗВОЛА ☐
1.3. ЗАМЕНА НА ВОЗАЧКА ДОЗВОЛА ПОРАДИ ИСТЕК НА РОКОТ НА ВАЖЕЊЕ ☐
1.4. ЗАМЕНА НА ВОЗАЧКА ДОЗВОЛА ПОРАДИ ГУБЕЊЕ, ДОТРАЕНОСТ ИЛИ ОШТЕТЕНОСТ ☐
1.5. ЗАМЕНА НА ВОЗАЧКА ДОЗВОЛА ПОРАДИ ПРОМЕНА НА ЛИЧНО ИМЕ НА ВОЗАЧОТ ☐
1.6. ЗАМЕНА НА ВОЗАЧКА ДОЗВОЛА ПОРАДИ ЗАВЕРКА НА НОВА КАТЕГОРИЈА-ПОДКАТЕГОРИЈА ☐
1.7. ЗАМЕНА НА ВОЗАЧКА ДОЗВОЛА ПОРАДИ ПРОМЕНА НА ЖИВЕАЛИШТЕ НА ВОЗАЧОТ ☐
1.8. ИЗДАВАЊЕ НА ДУПЛИКАТ ВОЗАЧКА ДОЗВОЛА ☐
1.9. ЗАМЕНА НА ВОЗАЧКА ДОЗВОЛА ПОРАДИ ЗАПИШУВАЊЕ НА ОГРАНИЧУВАЊА ОД ЗДРАВСТВЕНИ ПРИЧИНИ ☐
1.10. ЗАМЕНА НА ВОЗАЧКА ДОЗВОЛА ПОРАДИ ЗАПИШУВАЊЕ ЗАБРАНА ЗА УПРАВУВАЊЕ СО МОТОРНО ВОЗИЛО ☐

2. ПОДАТОЦИ ЗА ПОДНОСИТЕЛОТ НА БАРАЊЕТО

ИМЕ	ПРЕЗИМЕ
Македонски јазик _____	Македонски јазик _____
Барам моето лично име во возачката дозвола да биде испишано и на: 1. Турски јазик и писмо ☐ 2. Влашки јазик и писмо ☐ 3. Српски јазик и писмо ☐ 4. Ромски јазик и писмо ☐ 5. Бошњачки јазик и писмо ☐ (се одбира еден од наведените јазици и писмо)	Единствен матичен број на граѓанинот (ЕМБГ) _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _
Ден, месец и година на раѓање _____ . _____ . _____	Место на раѓање _____
Живеалиште _____	Адреса _____

3. ПОСТАПКА ЗА ИЗДАВАЊЕ НА ВОЗАЧКА ДОЗВОЛА
Барам возачката дозвола да биде издадена во:
1. Редовна постапка ☐
2. Итна постапка ☐

4. ПОДАТОЦИ ЗА ПРЕТХОДНА ВОЗАЧКА ДОЗВОЛА
1. Број на возачка дозвола _____
2. Орган кој ја издал _____

Датум и место на поднесување на барањето
____.____. 20____, _____

Потпис на подносителот на барањето
_____

Податоци за контакт _____

Потпис на службеното лице кое го примило барањето _____

5. ПРИЛОГ КОН БАРАЊЕТО

☐	При поднесување на барањето се врши проверка на идентитетот на подносителот на барањето со увид во лична карта или друг документ за лична идентификација што има фотографија, издаден од државен орган.
☐	Уверение за положен возачки испит за управување со моторно возило од категоријата или поткатегоријата за која се бара издавање возачка дозвола, за постапките од точките 1.1. и 1.6. од делот 1.
☐	Возачка дозвола за постапките од точките 1.2., 1.3., 1.4. (освен при губење на возачка дозвола), 1.5., 1.6., 1.8. и 1.9. од делот 1.
☐	Уверение за здравствена и психофичика способност од овластена здравствена установа е потребно во следниве случаи: - доколку возачот има навршено 65 години; - за возач кој има впишана „Д“ категорија во возачката дозвола; - ако возачот има ограничување на важноста на возачката дозвола, за постапките од точките 1.3. и 1.9. од делот 1.
☐	Доказ дека возачката дозвола е огласена за неважечка, за постапката од точката 1.8. од делот 1. (*)
☐	Писмена изјава од возачот за изгубена или украдена возачка дозвола, за постапката од точката 1.8. од делот 1.
☐	Оригинална и важечка странска возачка дозвола преведена на македонски јазик и заверена на нотар, за постапката од точката 1.8. од делот 1.
☐	Доказ за престој најмалку шест месеци во земјата во која е издадена странската возачка дозвола, за постапката од точката 1.2. од делот 1.
☐	Ако од текстот на странската возачката дозвола не може да се утврди со кои моторни возила може да управува возачот, потребно е истиот да приложи исправа издадена од органот што ја издал странската возачка дозвола од која се гледа со кои моторни возила може да управува, за постапката од точката 1.2. од делот 1.
☐	Доказ за извршена промена на лично име или лична карта, за постапката од точката 1.5. од делот 1. (*)
☐	Доказ за извршена промена на живеалиште, за постапката од точката 1.7. од делот 1. (*)
☐	Други документи неопходни за постапката _____ _____

Доказите означени со ѕвезда (*) се смета дека се поднесени кон барањето и истите Министерството за внатрешни работи ги прибавува по службена должност.

6. СОГЛАСНОСТ ОД ПОДНОСИТЕЛОТ НА БАРАЊЕТО

☐ Подносителот на барањето е согласен неговите лични податоци да се користат во постапката за остварување на правото пред надлежните органи за прибавување на СИТЕ документи означени со ѕвезда (*) од делот 5. од ова барање.

Потпис на подносителот

_____

УПАТСТВО ЗА ПОПОЛНУВАЊЕ НА БАРАЊЕТО ЗА ИЗДАВАЊЕ НА ВОЗАЧКА ДОЗВОЛА

- Податоците од деловите 1, 2 и 3 од барањето ги пополнува подносителот на барањето.
- Податоците од делот 4 ги пополнува службеното лице.
- Подносителот на барањето самиот го избира начинот на кој Министерството за внатрешни работи ќе може да оствари контакт со истиот (телефонски или по електронски пат). Избраниот начин за контакт се наведува во делот „податоци за контакт“.

Образец бр. 2-а
Formulari 2-а

ДО
МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ
DERI TE:
MINISTRIA PËR PUNË TË BRENDSHME

БАРАЊЕ ЗА ИЗДАВАЊЕ НА ВОЗАЧКА ДОЗВОЛА
KËRKESË PËR DHËNIE TË PATENT SHOFERIT

1. ПРИЧИНА ЗА ПОДНЕСУВАЊЕ НА БАРАЊЕТО
ARSYEJA PËR PARASHTRIMIN E KËRKESËS
(се избира постапката на која се однесува барањето)
(zgjidhet njëra nga arsyet)

1.1. ИЗДАВАЊЕ НА ВОЗАЧКА ДОЗВОЛА ЗА ПРВ ПАТ
DHËNIA E PATENT SHOFERIT PËR HERË TË PARË ☐
1.2. ЗАМЕНА НА СТРАНСКА СО МАКЕДОНСКА ВОЗАЧКА ДОЗВОЛА
NDËRRIM I PATENT SHOFERIT TË HUAJ ME PATENT SHOFERË MAQEDONAS ☐
1.3. ЗАМЕНА НА ВОЗАЧКА ДОЗВОЛА ПОРАДИ ИСТЕК НА РОКОТ НА ВАЖЕЊЕ
NDËRRIM I PATENT SHOFERIT PËR SHKAK TË SKADIMIT TË AFATIT ☐
1.4. ЗАМЕНА НА ВОЗАЧКА ДОЗВОЛА ПОРАДИ ГУБЕЊЕ, ДОТРАЕНОСТ ИЛИ ОШТЕТЕНОСТ
NDËRRIM I PATENT SHOFERIT PËR SHKAK TË HUMBJES,PËRFUNDIMIT OSE DËMTIMIT ☐
1.5. ЗАМЕНА НА ВОЗАЧКА ДОЗВОЛА ПОРАДИ ПРОМЕНА НА ЛИЧНО ИМЕ НА ВОЗАЧОТ
NDËRRIM PËR SHKAK TË NDËRRIMIT TË EMRIT PERSONAL TË SHOFERIT ☐
1.6. ЗАМЕНА НА ВОЗАЧКА ДОЗВОЛА ПОРАДИ ЗАВЕРКА НА НОВА КАТЕГОРИЈА-ПОДКАТЕГОРИЈА
NDËRRIM PËR SHKAK VERIFIKIMIT TË KATEGORISË-NËNKATEGORISË SË RE ☐
1.7. ЗАМЕНА НА ВОЗАЧКА ДОЗВОЛА ПОРАДИ ПРОМЕНА НА ЖИВЕАЛИШТЕ НА ВОЗАЧОТ
NDËRRIM PËR SHKAK TË NDRYSHIMIT TË VENDBANIMIT TË SHOFERIT ☐
1.8. ИЗДАВАЊЕ НА ДУПЛИКАТ ВОЗАЧКА ДОЗВОЛА
DHËNIE DUPLIKAT I PATENT SHOFERIT ☐
1.9. ЗАМЕНА НА ВОЗАЧКА ДОЗВОЛА ПОРАДИ ЗАПИШУВАЊЕ НА ОГРАНИЧУВАЊА ОД ЗДРАВСТВЕНИ ПРИЧИНИ
NDËRRIM PËR SHKAK TË SHËNIMIT TË KUFIZIMEVE PËR ARSYE SHËNDETËSORE ☐
1.10. ЗАМЕНА НА ВОЗАЧКА ДОЗВОЛА ПОРАДИ ЗАПИШУВАЊЕ ЗАБРАНА ЗА УПРАВУВАЊЕ СО МОТОРНО ВОЗИЛО
NDËRRIM PËR SHKAK TË SHËNIMIT TË NDALESËS PËR DREJTIM ME AUTOMJET ☐

2. ПОДАТОЦИ ЗА ПОДНОСИТЕЛОТ НА БАРАЊЕТО :
TË DHËNA PËR PARASHTRUESIN E KËRKESËS :

ИМЕ / EMRI	ПРЕЗИМЕ / MBIEMRI
_____ (македонски јазик)	_____ (македонски јазик)
_____ (gjuhë shqipe)	_____ (gjuhë hqipe)
Единствен матичен број на граѓанинот (ЕМБГ) _____	Numri personal i qytetarit _____
Ден, месец и година на раѓање Data, muaji dhe viti i lindjes ____ . ____ . _____	Место на раѓање _____ Vendi i lindjes _____
Живеалиште _____ Vendbanimi _____	Адреса _____ Adresa _____

3. ПОСТАПКА ЗА ИЗДАВАЊЕ НА ВОЗАЧКА ДОЗВОЛА
PROCEDURA PËR DHËNIEN E PATENT SHOFERIT
Барам возачката дозвола да биде издадена во:
Kërkoj që patent shoferi të më lëshohet në :

1. Редовна постапка / Procedurë të rregullt ☐
2. Итна постапка / Procedurë urgjente ☐

4. ПОДАТОЦИ ЗА ПРЕТХОДНА ВОЗАЧКА ДОЗВОЛА
ТË DHËNA PËR PATENT SHOFERIN E MËPARSHËM

1. Број на возачка дозвола / Numri i patent shoferit _____
2. Орган кој ја издал / Organi i cili e ka lëshuar _____

Датум и место на поднесување на барањето
Data dhe vendi i parashtrimit të kërkesës

____.____.20____, _____

Потпис на подносителот
Nënshkrimi i parashtruesit

_____

Податоци за контакт
Të dhëna për kontakt _____

Потпис на службеното лице кое го примило барањето
Nënshkrimi i personit zyrtar i cili e ka pranuar kërkesën _____

5. ПРИЛОГ КОН БАРАЊЕТО
SHTOJCË NDAJ KËRKESËS

☐	При поднесување на барањето се врши проверка на идентитетот на подносителот на барањето со увид во лична карта или друг документ за лична идентификација што има фотографија, издаден од државен орган. Gjatë parashtrimit të kërkesës kontrollohet identiteti i parshtruesit të kërkesës sipas letërnjoftimit ose dokumentit tjetër për identifikim i cili ka fotografi i lëshuar prej organit shtetëror.
☐	Уверение за положен возачки испит за управување со моторно возило од категоријата или поткатегоријата за која се бара издавање возачка дозвола, за постапките од точките 1.1. и 1.6. од делот 1. Vërtetim për dhënien e provimit për shofer për drejtimin me automjet për kategori apo nënkategori për të cilin kërkohet dhënia e patent shoferit, për procedurat 1.1 dhe 1.6 nga pjesa 1.
☐	Возачка дозвола за постапките од точките 1.2., 1.3., 1.4. (освен при губење на возачка дозвола), 1.5., 1.6., 1.8. и 1.9. од делот 1. Patent shofer për procedurat 1.2, 1.3, 1.4 (përveç në rast të humbjes të patent shoferit), 1.5, 1.6, 1.8, dhe 1.9 nga pjesa 1.
☐	Лекарско уверение за телесна и душевна способност од овластена здравствена организација е потребно во следниве случаеви: – доколку возачот има навршено 65 години; – возач кој има „Д“ категорија во возачката дозвола; – ако возачот има ограничување на важноста на возачката дозвола за 1.3 и 1.9. Vërtetim mjekësor për aftësi fizike dhe psiqike prej organizatës shëndetësore të autorizuar është i nevojshëm në këto raste: – nëse shoferi ka mbushur 65 vjet; – Shofer i cili ka kategorinë „D“ në patent shofer; – nëse shoferi ka kufizim në vlefshmërinë e patent shoferit për 1.3 dhe 1.9.
☐	Доказ дека возачката дозвола е огласена за неважечка, за постапката од точката 1.8. од делот 1. (*) Dëshmi se patent shoferi është i shpallur i pavlefshëm, për procedurën 1.8 nga pjesa 1 (*)
☐	Писмена изјава од возачот за изгубена или украдена возачка дозвола, за постапката од точката 1.8. од делот 1. Deklaratë me shkrim prej shoferit për patent shofer të humbur ose vjedhur për procedurën 1.8 nga pjesa 1.
☐	Оригинална и важечка странска возачка дозвола преведена на македонски јазик и заверена на нотар, за постапката од точката 1.8. од делот 1. Patent shofer i huaj origjinal dhe me vlefshmëri i përkthyer në gjuhën maqedonase për procedurat 1.8 nga pjesa 1.
☐	Доказ за престој најмалку шест месеци во земјата во која е издадена странската возачка дозвола, за постапката од точката 1.2. од делот 1. Dëshmi për vendqëndrim e më së paku gjashtë muajve në vendin ku është lëshuar patent shoferi i huaj për procedurat 1.2 nga pjesa 1.

☐	Ако од текстот на странската возачката дозвола не може да се утврди со кои моторни возила може да управува возачот, потребно е истиот да приложи исправа издадена од органот што ја издал странската возачка дозвола од која се гледа со кои моторни возила може да управува, за постапката од точката 1.2. од делот 1. Nëse nga teksti i patent shoferit të huaj nuk mund të vërtetohet me cilat kategori mund të drejtojë shoferi, është e domosdoshme i njëjti të dorëzojë dokument nga organi i cili e ka lëshuar patent shoferin nga i cili mund të vërtetohet cilat automjete mund ti drejtojë, nga procedurat 1.2, nga pjesa 1.
☐	Доказ за извршена промена на лично име или лична карта, за постапката од точката 1.5. од делот 1. (*) Dëshmi për ndryshimin e emrit personal ose letërnjoftimit për procedurat nga pika 1.5 nga pjesa 1. (*)
☐	Доказ за извршена промена наживеалиште, за постапката од точката 1.7. од делот 1. (*) Dëshmi për ndryshimin e vendbanimit, për procedurat nga pika 1.7, nga pjesa 1 (*)
☐	Други документи неопходни за постапката _____ Dokumente tjera të domosdoshme për procedurën _____

Доказите означени со ѕвезда (*) се смета дека се поднесени кон барањето и истите Министерството за внатрешни работи ги прибавува по службена должност.
Dëshmitë të nënvizuara me yll (*) konsiderohen se janë parashtruar me kërkesën dhe të njëjtat Ministria për Punë të Brendshme i siguron sipas detyrës zyrtare

6. СОГЛАСНОСТ ОД ПОДНОСИТЕЛОТ НА БАРАЊЕТО
PAJTUESHMËRI E PARASHTRUESIT TË KËRKESËS

☐ Подносителот на барањето е согласен неговите лични податоци да се користат во постапката за остварување на правото пред надлежните органи за прибавување на СИТЕ документи означени со ѕвезда (*) од делот 5. на ова барање.
Parashtruesi i kërkesës pajtohet të dhënat e tij personale të shfrytëzohen në procedurë për realizimin e të drejtës para organeve kompetente për sigurimin e të GJITHA dokumenteve të nënvizuar me yll (*) nga pjesa 5. e kësaj kërkese.

Потпис на подносителот
Nënshkrimi i parashtruesit

_____

УПАТСТВО ЗА ПОПОЛНУВАЊЕ НА БАРАЊЕТО ЗА ИЗДАВАЊЕ НА ВОЗАЧКА ДОЗВОЛА
UDHËZIM PËR PLOTËSIMIN E KËRKESËS PËR DHËNIEN E PATENT SHOFERIT

- Податоците од деловите 1, 2 и 3 од барањето ги пополнува подносителот на барањето.
  Të dhënat nga pjesa 1, 2 dhe 3 të kërkesës i plotëson parashtruesi i kërkesës.
- Податоците од делот 4 ги пополнува службеното лице.
  Të dhëna t nga pjesa 4 i plotëson personi zyrtar.
- Подносителот на барањето самиот го избира начинот на кој Министерството за внатрешни работи ќе може да оствари контакт со истиот (телефонски или по електронски пат). Избраниот начин за контакт се наведува во делот „податоци за контакт“.
  Parashtruesi i kërkesës vetë e zgjedh mënyrën se si Ministria për Punë të Brendshme do të mund të kontaktojë me të (me telefon apo përmes rrugës elektronike). Mënyra e zgjedhur për kontakt ceket në pjesën "të dhëna për kontakt".

МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО

347.

Врз основа на член 57 став 5 од Законот за тутун и тутунски производи („Службен весник на Република Македонија“ бр.24/06, 88/08, 31/10, 36/11, 53/11, 93/13 и 99/13), министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство донесе

П Р А В И Л Н И К
ЗА НАЧИНОТ НА ВРШЕЊЕ НА КОНТРОЛА НА КВАЛИТЕТОТ НА ТУТУНОТ, ФОРМАТА, СОДРЖИНАТА И НАЧИНОТ НА ИЗДАВАЊЕ НА СЕРТИФИКАТОТ ЗА КВАЛИТЕТ, КАКО И НАЧИНОТ И МЕТОДИТЕ НА ЗЕМАЊЕ НА ПРИМЕРОЦИ ЗА АНАЛИЗА НА КВАЛИТЕТ НА ТУТУНОТ

Член 1

Со овој правилник се пропишува начинот на вршење на контрола на квалитетот на тутунот, формата, содржината и начинот на издавање на сертификатот за квалитет, како и начинот и методите на земање на примероци за анализа на квалитет на тутунот.

Член 2

Одделни поими употребени во овој правилник го имаат следното значење:

1. Тутунска суровина е полуфабрикат кој се добива со преработка на суров тутун во лист во која се вбројуваат реконституиран или хомогенизиран тутун, тутунски ребра, ферментиран тутун и обработен тутун;

2. Квалитетот на тутунот се барања кои треба да ги исполнува тутунот во зависност од типот, класата, начинот на обработката и пакувањето;

3. Преглед на документи е проверка на документите кои ја придружуваат пратката, односно примерокот (пропратна документација);

4. Пратка е количество на тутун од една класа и реколта кое се испорачува, без разлика дали испораката ќе се изведува еднократно, односно едновремено или последователно до целосната испорака на пратката;

5. Органолептички преглед е вршење проценка на изразеноста на надворешните (визуелните) признаци на тутунската суровина во однос на бојата, сјајноста на бојата, миризливоста и нежноста на лисното ткиво;

6. Дегустација е оценување на пушачките особини на тутунот со помош на сетилните органи на човекот во зависност од аромата, вкусот, јачината, иритацијата, согорливоста и бојата на пепелта;

7. Ориентални тутуни се ориентални ароматични тутуни кои ги опфаќаат типовите: прилеп, јака и џебел со нивните сорти со должина на листовите до 20 см и ориентални дополнителни тутуни кои ги опфаќаат типовите: прилеп, јака и џебел со нивните сорти со должина на листовите над 20 см и

8. Полуориентални тутуни се тутуни од типот отља со неговите сорти.

Член 3

Барањето за контрола на квалитетот на тутунот кој се извезува или увезува од страна на домашниот производител и/или извозникот или увозникот на тутун се доставува до државниот инспектор за земјоделство во подрачната единица на Државниот инспекторат за земјоделство.

При вршењето на контрола на квалитетот на тутунот наменет за извоз и земањето на примероци за анализа кон барањето од став 1 на овој член треба да се достават следните документи: решение за упис во Регистарот на откупувачи на тутун што се води во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и/или решение за упис во Регистарот на производители, извозници и увозници на тутунски производи што се води во Министерството за економија, при првата контрола во годината; сертификат за конечно сертифицирано семе и лист за тежината на пратката при извоз на ферментиран тутун. При увоз на тутунот на самото место се приложуваат фактура за увезената пратка тутун и фитосанитарен сертификат.

Член 4

По приемот на барањето и извршениот преглед на документацијата од член 3 став 2 на овој правилник, државниот инспектор за земјоделство најдоцна наредниот работен ден врши контрола согласно член 7 став 1 алинеја 1 на овој правилник на пратката тутун наменета за извоз на местото на натовар, односно на пратката тутун наменета за увоз на местото на истовар.

По извршената контрола од ставот 1 на овој член државниот инспектор за земјоделство зема примероци за анализа согласно член 7 на овој правилник и составува записник.

Записникот се изготвува во три примерока, од кои еден примерок е за државниот инспектор за земјоделство, еден за акредитираната лабораторија и еден за домашниот производител и/или извозникот или увозникот на тутун.

По потреба врз основа на записникот од став 2 на овој член државниот инспектор за земјоделство изготвува барање за анализа на квалитетот на тутунот. Примерокот за анализа заедно со барањето и записникот го доставува до акредитираната лабораторија најдоцна 48 часа по земањето на примерокот.

Член 5

Барањето од член 4 став 5 на овој правилник ги содржи следните податоци:

-назив на акредитираната лабораторија во која се упатува примерокот за анализа;

-назив на примерокот кој се испитува;

-количина на пратката во килограми;

-вид и број на паковни единици;

-доставена количина на примерокот според ISO 4874;

-земја увозник/извозник и упатна станица;

-место на истовар/натовар;

-вид и број на превозното средство;

-показатели кои се анализираат и

-назив, адреса, број на жиро сметка, даночен број и депонент банка на правното лице од кој е земен примерокот.

Член 6

Контролата и земањето примероци за анализа на тутунот од член 4 ставови 1 и 2 од овој правилник се врши во присуство на овластено лице од страна на домашниот производител и/или извозникот или увозникот на тутун кое определува лица кои ќе вршат помошни дејствија при земање на примероци за анализа на тутунот.

Овластеното лице од став 1 на овој член се идентификува со полномошно издадено од домашниот производител и/или извозникот или увозникот на тутун.

Член 7

Контролата на тутунот се врши на начин кој опфаќа:

-органолептички преглед на тутунот и материјалот во кој е пакуван тутунот и

-земање примероци за праќање на тутунот на анализа.

Член 8

Органолептичкиот преглед на тутунот се врши на самото местото на натовар односно истовар со земање на примероци според MKS ISO 4874.

Примерокот за анализа го сочинуваат најмалку три исти по состав и обем единици. Едниот примерок останува кај Државниот инспекторат за земјоделство, еден примерок се праќа за анализа во акредитирана лабораторија и еден примерок останува кај барателот.

Земените примероци по однос на органолептичките својства се анализираат во акредитирана лабораторија во која се утврдува типот на тутунот и начинот на неговата обработка.

За ориенталските и полуориенталските тутуни кои се пакувани во тонга бали, квалитетот на тутунот се утврдува во зависност од исполнетоста на стандардот ISO 10919, додека за другите типови тутун или пакувања на тутун, квалитетот се утврдува во зависност од материјалот и начинот на пакувањето.

Материјалот во кој се пакува тутунот (конопен, памучен материјал или картонска кутија) од став 4 на овој член треба да е сув и без туѓи мириси.

Член 9

По барање на домашниот производител и/или извозникот или увозникот на тутун може да бидат извршени и лабораториски анализи за големината на листовите, влажноста на тутунот, содржината на песок во тутунот, pH вредноста, содржината на никотин, каталазната активност односно мувлосаност, ферментираноста, нетутунските материјали и дегустативните односно пушачки својства.

Резултатите од лабораториските анализи се прилагаат кон сертификатот за квалитет на тутунот.

Член 10

Врз основа на извршената анализа доколку се исполнети условите од членовите 33 и 34 од Законот за тутун и тутунски производи се издава сертификат за квалитет на тутунот.

Доколку по извршената анализа се утврди дека не се исполнети условите од членовите 33 и 34 од Законот за тутун и тутунски производи се изготвува извештај од извршената анализа на тутунот со мислење кои се доставуваат до домашниот производител и/или извозникот или увозникот на тутун и државниот инспектор за земјоделство.

Сертификатот за квалитет на тутунот од став 1 на овој член се издава на образец во А4 формат на хартија во бела боја.

Формата и содржината на образецот на сертификатот од став 3 на овој член е дадена во Прилог кој се составен дел на овој правилник.

Член 11

Сертификатот за квалитет на тутунот се издава во печатена форма во три примерока најдоцна за три работни дена од денот на приемот на барањето од член 5 на овој правилник.

Еден примерок од сертификатот од став 1 на овој член останува во акредитираната лабораторија, еден се доставува до Државниот инспекторат за земјоделство и еден примерок се доставува до домашниот производител и/или извозникот или увозникот на тутун.

Член 12

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр.02-4599/10
26 декември 2013 година
Скопје

Министер,
за земјоделство, шумарство
и водостопанство,
Љупчо Димовски, с.р.

Прилог

Сериски број
000000000000

СЕРТИФИКАТ ЗА КВАЛИТЕТ НА ТУТУН
QUALITY CERTIFICATE FOR TOBACCO

По извршената контрола на квалитетот на пратката на тутун за
1. извоз
2. увоз
(со заокружување на бројот)

Upon quality inspection of the consignment of tobacco for
1.export
2.import
(by encircle of number)

_____
(име и седиште на извозникот односно увозникот - Name and head office of the exporter or the importer)
утврдено е следново:
the following has been stated:

Тип, класа и реколта на тутунот: _____
Type, grade and crop of tobacco

Начин на обработка:_____
Type of processing

Земја-увозник _____
Importing country
Земја-извозник _____
Exporting country

Место на натовар/истовар_____
Place of loading/unloading

Упатна станица _____
Place of destination

Вид и број на превозно средство_____
Type and number of transportion vehicle

Вид на паковни единици _____
Type of packing units

Број на паковни единици_____
Number of packing units

Бруто тежина _____Нето тежина_____
Gross weight Net weight

Прилози од други анализи-да се наведат:
Reports of other analyses - to be attached:

Датум _____ 20__ год. Овластено лице
Date Authorized person
Место _____
Place _____

МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

348.

Врз основа на член 37 став (4) од Законот за управување со електрична и електронска опрема и отпадна електрична и електронска опрема („Службен весник на Република Македонија“ бр. 6/12 и 163/13), министерот за животна средина и просторно планирање донесе

П Р А В И Л Н И К
ЗА ФОРМА И СОДРЖИНА НА ОБРАЗЕЦОТ И НАЧИНОТ НА ВОДЕЊЕ НА ЕВИДЕНЦИЈА НА КОЛЕКТИВНИ ПОСТАПУВАЧИ И НА ПРОИЗВОДИТЕЛИ КОИ СКЛУЧИЛЕ ДОГОВОР ЗА ПРЕЗЕМАЊЕ НА ОБВРСКИ ЗА ПОСТАПУВАЊЕ СО ОТПАДНАТА ОПРЕМА СО КОЛЕКТИВЕН ПОСТАПУВАЧ

Член 1

Со овој правилник се пропишува форма и содржина на образецот и начинот на водење на евиденција на колективни постапувачи кои добиле дозвола за постапување со отпадна опрема како и на производители кои склучиле договор за преземање на обврски за постапување со отпадната опрема со колективен постапувач.

Член 2

Во евиденцијата на колективни постапувачи кои добиле дозвола за постапување со отпадна опрема како и на производители кои склучиле договор за преземање на обврски за постапување со отпадната опрема со колективен постапувач (во понатамошниот текст: евиденција), колективните постапувачи се запишуваат со денот на добивање на дозвола за постапување со отпадна опрема.

Во евиденцијата производителите се запишуваат со денот на доставување на список со назив седиште и адреса на правно или физичко лице од страна на колетивниот постапувач во чие име и за чија сметка ќе постапува со отпадна опрема.

Во евиденцијата производителите кои самостојно обезбедуваат постапување со отпадна опрема што ја создаваат, се запишуваат со денот на добивање на дозволата за постапување со отпадна опрема.

Евиденцијата се води во електронска форма. Секоја промена на податоците се запишува во евиденцијата.

Член 3

Формата и содржината на образецот за водење на евиденција од член 2 став 1 на овој правилник се дадени во Прилог кој е составен дел на овој правилник.

Член 4

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр.07-163/1
8 јануари 2014 година
Скопје

Министер
за животна средина
и просторно планирање,
Абдилаќим Адеми, с.р.

Прилог

Евиденција на колективни постапувачи со отпадна опрема , производители и самостојни постапувачи со отпадна опрема

РБ	Назив седиште и адреса на правното лице/физичко лице	Датум на издавање на дозволата	Име на дозволата/ дополна /промена	Видови на отпадна опрема со која се постапува согласно дозволата	Датум на дополна/ промена на дозволата	Постапување со отпадна опрема		
						7а Во колективен постапувач со отпадна опрема /назив	7б Самостоен постапувач со отпадна опрема	7в Производител
1	2	3	4	5	6	7		
1.								
2.								
3.								
4.								

Забелешка: Во колона 7 за производителите се обележува колоната 7в и колоната 7а или 7б зависно од начинот на кој се обезбедува постапувањето со отпадната опрема .

УСТАВЕН СУД НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

349.

Уставниот суд на Република Македонија, врз основа на членовите 110 и 112 од Уставот на Република Македонија и член 70 од Деловникот на Уставниот суд на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр.70/1992) на седницата одржана на 4 декември 2013 година, донесе

О Д Л У К А

1. СЕ УКИНУВА член 137 ставовите 3 и 4 од Законот за банките („Службен весник на Република Македонија“ бр. 67/2007, 90/2009, 67/2010 и 26/2013).

2. Оваа одлука произведува правно дејство од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

3. Уставниот суд на Република Македонија, по повод иницијатива на Александар Михајловски адвокат од Скопје со Решение У.бр.43/2013 од 26 јуни 2013 поведе постапка за оценување на уставноста на член 137 ставовите 3 и 4 од Законот означен во точката 1 од оваа одлука, бидејќи основано се постави прашањето за неговата согласност со член 8 став 1 алинете 3, 6 и 7 и член 30 од Уставот.

4. Судот на седницата утврди дека во член 137 став 1 поместен во делот „ограничување на права од акции“ е пр едвидено дека „За акциите стекнати спротивно на член 59 од овој закон и акциите за кои е повлечена издадената согласност, согласно со членот 153 од овој закон гувернерот донесува решение со кое утврдува дека на акционерот кој ги стекнал тие акции не му носат право на глас.

Во ставот 2 на член 137 е предвидено дека „На акционерот кој стекнал акции спротивно на членот 59 од овој закон и на акционерот на кој му е повлечена издадената согласност според членот 153 од овој Закон гувернерот му наложува да ги отуѓи акциите во определен рок, кој не може да биде подолг од 180 дена, освен во случаи од членот 59 став 2 на овој закон кога гувернерот може да определи подолг рок.

Во став 3 на член 137 од Законот е предвидено дека „Ако акционерот од ставот 2 на овој член не ги отуѓи акциите во определениот рок, гувернерот во рок од осум дена од истекот на определениот рок донесува решение со кое утврдува дека тие акции, покрај правото на глас, на акционерот не му носат и право н исплата на дивиденда и ќе спроведе продажба на акциите во име на акционерот од ставот 2 на овој член.

Според став 4 на член 137 од Законот „Доколку во периодот по донесувањето на решението од ставот 3 на овој член до продажбата на акциите банката исплатила дивиденда на останатите акционери, дивидендата за акционерот за кој со решението од ставот 3 на овој член е утврдено дека нема право на исплата на дивиденда, се распределува во општата резерва на банката“.

5. Според член 8 став 1 алинеите 3 и 6 од Уставот, владеењето на правото и правната заштита на сопственоста се темелни вредности на уставниот поредок на Република Македонија.

Согласно член 30 став 1 од Уставот, се гарантира правото на сопственост и правото на наследување. Според став 3 на овој член, никому не можат да му бидат одземени или ограничени сопственоста и правата кои произлегуваат од неа, освен кога се работи за јавен интерес утврден со закон. Согласно став 4 на истиот член, во случај на експропријација на сопственоста или во случај на ограничување на сопственоста се гарантира праведен надомест кој не може да биде понизок од пазарната вредност.

Согласно член 51 од Уставот, во Република Македонија законите мораат да бидат во согласност со Уставот, а сите други прописи со Уставот и со закон.

Во членот 6 од Законот за Народната банка на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр.158/2010 и 123/2012) е определено дека основна цел на Народната банка е постигнување и одржување на ценовната стабилност, да придонесува кон одржување на стабилен конкурентен и пазарно ориентиран финансиски систем.

Народната банка ја поддржува општата економска политика без да го загрози остварувањето на целта утврдена во став 1 на наведениот член и во согласност со принципот на отворена пазарна економија со слободна конкуренција.

Според член 7 став 1 точка 9 од наведениот закон за остварување на целта од членот 7 на овој закон, Народната банка покрај другото, регулира издава дозволи и врши супервизија на банки, штедилници, друштва за издавање на електронски пари и други финансиски институции на начин утврден со овој или друг закон.

Според член 8 од Законот, стабилноста на банкарскиот систем и мерки што се преземаат заради постигнување и одржување на неговата стабилност се од јавен интерес.

Според член 48 став 1 точка 5 од Законот за Народната банка е предвидено дека гувернерот на Народната банка покрај другите овластувања и задачи, одлучува за издавање на дозволи и согласности на финансиските институции и ги одзема издадените дозволи и согласност, во согласност со закон.

Со Законот за банките се уредува основањето, работењето, супервизијата и престанокот на работењето на банките и на филијалите на странски банки во Република Македонија, како и отворањето и работењето на филијали на банки од земји членки на Европската унија (член 1).

Согласно член 2 од овој закон, каде се утврдува значењето на одделни изрази употребени во овој закон, "банка" е правно лице со дозвола од гувернерот на Народната банка на Република Македонија основано согласно со одредбите од овој закон, чија основна дејност

е прибирање депозити и други повратни извори на средства од јавноста и одобрување на кредити во свое име и за своја сметка (точка 1).

Согласно член 12 од истиот закон, банка се основа како акционерско друштво со седиште во Република Македонија.

Според член 16 од истиот закон, гувернерот издава дозвола за основање и работење на банка.

Согласно член 131 став 1 од овој закон, гувернерот презема мерки и определува рокови за нивно спроведување, доколку банката, банкарската група, акционерите или органите на банката не ги почитуваат прописите со кои е уредено работењето на банките или нивните интерни процедури. Според ставот 2 на овој член, мерките што ги презема гувернерот се: 1) редовни мерки; 2) дополнителни мерки; 3) воведување администрација; 4) повлекување на согласност и 5) одземање на дозвола.

Редовните мерки, согласно член 132 од овој закон, гувернерот ги презема кога банката или банкарската група не ги почитува прописите со кои е уредено работењето на банките.

Дополнителните мерки, согласно член 133 од истиот закон, гувернерот ги презема спрема банка или акционер на банка кога сериозно ги прекршуваат прописите на банката. Дополнителни мерки кои ги презема гувернерот со решение се:

1) овластува лица за непосредно следење на работата на банката или на банкарскиот систем.

2) на банката и/или акционерот наложува да:

- ги ревидира интерните процедури и политика,
- ги намали трошоците на работење,
- достигне соодветно ниво на резерви,
- смени лице со посебни права и одговорности,
- изврши дополнителна ревизија од страна на друштво за ревизија, различно од друштвото за ревизија ангажирано од банката, во обем и под услови дефинирани од гувернерот и на трошок на банката,
- постигне и одржува повисок износ на сопствени средства и/или повисока стапка на адекватност на капиталот од пропишаните во согласност со овој закон,
-постигне или одржува построги супревизорски стандарди утврдени во членовите 70, 71, 72, 73 и 74 на овој закон,
- подготви и спроведе план за подобрување на состојбата на банката, доколку банката е поткапитализирана и
- ја докапитализира банката и

3) забранува, ограничува или наложува посебни услови за:

- исплата на дивиденда,
- остварување на правата од акции,
- исплати на членовите на органите на управување,
- изложување кон поврзани лица, освен ако тие се покриени со залог на хартии од вредност издадени, или гарантирани од страна на Република Македонија или Европската унија, кои се чуваат од страна на независно трето лице - депозитна институција и чијашто пазарна вредност во секое време надминува 125% од износот на кредитот, или друг облик на изложеност,
- трансакции со други лица од банкарската група или поврзани лица со банката,
- изложување спрема лице за кое согласно со методологијата на Народната банка се врши исправка на вредност или се издвојува посебна резерва од најмалку 20%,
- пролонгирање на одобрени кредити,
- вршење на сите или одредени финансиски активности,
- отворање делови на банка,
- учество на девизен пазар,
- стекнување на капитални делови во други правни лица и
- отпочнување со нови финансиски активности.

Тргнувајќи од наведените уставни одредби, анализата на одредбите од Законот за Народната банка како и содржината на оспорените одредби прозлегува дека во случаите кога акционерот ги стекнал акциите спротивно на одредбите од Законот за банки (член 59), кои се таксативно утврдени и акциите за кои е повлечена издадената согласност, гувернерот носи решение со кое на тој акционер, акциите не му носат право на глас, и ќе определи рок во кој акционерот е должен да ги продаде акциите. Доколку во предвидениот рок акционерот не ги продаде акциите, а банката исплатила дивиденда на другите акционери, дивидендата за акционерот за кој со решение е утврдено дека нема право на исплата на дивиденда, тие средства се распоредуваат во општата резерва на банката.

Имајќи го предвид наведеното,Судот оцени дека со наведените одредби на гувернерот на Народната банка на Република Македонија му се дадени преширок овластувања при преземање на дополнителни мерки кои мерки се преземаат во исклучителни ситуации спрема акционерите во банка. Тоа значи дека во конкретниов случај гувернерот располага со туѓи акции во смисла на тоа што ако акционерот не ги продаде акциите во определениот рок, по налог на гувернерот истите се продаваат на берза, а средствата одат во резервниот фонд на банката. Со ваквиот начин на уредување на ова прашање Гувернерот се става над органите на управување во банките кои одлучуваат за овие прашања, поради што со вака дадените преширок овластување се доведува во прашање уставно гарантираното право на сопственост утврдено во Уставот

Со оглед на наведеното,Судот оцени дека наводите во иницијативата дека со законското решение од член 137 ставовите 3 и 4 од Законот се ограничувало правото на сопственост без да се утврди јавен интерес и без да се даде соодветен паричен надоместок, биле спротивни на член 8 став 1 алинеите 3, 6 и 7, член 30 ставовите 3 и 4 како и член 58 од Уставот се основани.

6. Врз основа на изнесеното, Судот одлучи како во точката 1 од оваа одлука.

7. Оваа одлука Судот ја донесе со мнозинство гласови во состав од претседателот на Судот Елена Гошева и судиите: д-р Наташа Габер-Дамјановска, Исмаил Дарлишта, Никола Ивановски, Јован Јосифовски, Сали Мурати,Бранко Наумоски д-р Гзиме Старова и Владимир Стојаноски.

У. бр. 43/2013
4 декември 2013 година
Скопје

Претседател
на Уставниот суд на Република Македонија,
Елена Гошева, с.р.

350.

Врз основа на член 25 став 6 од Деловникот на Уставниот суд на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр.70/1992), по моето гласање против Одлуката У.бр.43/2013 донесена на 04.12.1013 година за укинување на член 137 ставовите 3 и 4 од Законот за банките ("Службен весник на Република Македонија" бр.67/2007, 90/2009, 67/210 и 26/2013) го издвојувам и писмено го образложувам следното

ИЗДВОЕНО МИСЛЕЊЕ

Со означената Одлука, Уставниот суд со мнозинство гласови одлучи да го укине член 137 ставовите 3 и 4 од Законот за банките ("Службен весник на Република Македонија" бр.67/2007, 90/2009, 67/210 и 26/2013) со образложение дека "...со наведените одредби на гувернерот на Народната банка на Република Македонија му се дадени прешироки овластувања при преземање на дополнителни мерки кои мерки се преземаат во исклучителни ситуации спрема акционерите во банка. Тоа значи дека во конкретниов случај гувернерот располага со туѓи акции во смисла на тоа што ако акционерот не ги продаде акциите во определениот рок, по налог на гувернерот истите се продаваат на берза, а средствата одат во резервниот фонд на банката." Со овој искажан став, мнозинството на судии смета дека со ваквиот начин на уредување на ова прашање Гувернерот се става над органите на управување во банките кои одлучуваат за овие прашања, поради што со вака дадените "прешироки овластувања" се доведува во прашање уставно гарантираното право на сопственост утврдено со уставот, без да се утврди јавен интерес и без да се даде соодветен паричен надоместок.

Наспроти наведените аргументи, а особено спротивно на донесената одлука сметам дека овие одредби требаше да останат во правниот поредок, првенствено со оглед на тоа што Судот по односниот член веќе има мошне конкретна претходна судска пракса со предметот У.бр.138/2008 во кој случај не беше поведена постапка за оценување на уставноста за член 137 ставовите 3 и 4 и член 138 од Законот за банките ("Службен весник на Република Македонија" бр.67/2007). Во овој предмет меѓу другото, беше елаборирано дали мерките ограничување на правото на исплата на дивиденда и продажба на акциите во име на акционерот кои гувернерот ги изрекува за акциите стекнати спротивно со членот 59 од Законот за банките и за акциите за кои е повлечена издадената согласност согласно со членот 153 од законот, претставуваат мерки што се преземаат заради постигнување и одржување на стабилноста на банкарскиот систем и како такви претставуваат јавен интерес утврден со закон, и имаат уставна основа во ограничувањето на сопственоста и правата кои произлегуваат од неа.

Во овој случај, Судот оценил дека врз база на своите законски овластувања, Народната банка на Република Македонија врши оценка на солвентноста и потенцијалните ризици кои би можеле да ја загрозат солвентноста на банката, се оценуваат акционерите и членовите на органите на управување и нивната поврзаност од аспект на влијанието врз можноста за спроведување на ефикасна супервизија. Во таа смисла и Гувернерот е овластен да ја одземе дозволата доколку банката не ги исполнува прудентните стандарди за нивото на сопствени средства во однос на конкретни ризици на кои е изложена банката (кредитен, ликвидносен, валутен и оперативен ризик, ризик на земјата и сл.) со оглед на тоа дека тој е одговорен за обезбедување и одржување на сигурен и стабилен банкарски систем истовремено почитувајќи ги меѓународните стандарди. Од тие причини мерките што се превземаат за стабилноста на банкарскиот систем претставуваат заштита на утврдениот јавен интерес.

Јавниот интерес во банкарскиот систем се огледа во неговото стабилно, ефикасно и транспарентно работење кое неминовно се одразува на целокупната економија. Бидејќи Законот за банките се базира на стандарди кои имаат за цел да ги заштитат депозитите, односно депонентите и другите кредитори на банката од евентуално нестручно, несовесно, ризично или нечесно работење и управување со банката, во него се предвидени неколку мерки кои имаат за цел обезбедување на соодветна акционерска структура на банките. Затоа, акционер со квалификувано учество во банка може да биде само лице кое добило согласност од гувернерот за стекнување акции во банка, во која смисла, во член 59 од Законот за банките, се утврдени условите за давање, односно за одбивање на давањето на претходна согласност за стекнување акции, односно на согласност за настанатата промена, а во член 153 од истиот закон се утврдени условите за повлекување на претходно издадената согласност за стекнување акции во банка. Оваа постапка предвидува по повлекувањето на согласноста да се ограничи правото на глас кое го носат овие акции

и давањето соодветен рок за нивно отуѓување, односно продажба (ставовите 1 и 2). Со ограничувањето на правото на глас се оневозможува акционерот на кој му е повлечена согласноста или кој ги стекнал акциите без дадена согласност, да влијае врз работењето на банката. Тој е должен да ги продаде акциите во рокот определен од гувернерот. Доколку акционерот не ги продаде акциите во определениот рок, Законот го обврзува гувернерот да донесе решение со кое ќе утврди дека акциите, покрај правото на глас, на акционерот не му носат и право на исплата на дивиденда, како и да ја спроведе продажбата на акциите, во име на акционерот (став 3). Ваквата мерка претставува дополнителен чекор кој треба да обезбеди непречено спроведување на основната цел на банкарската супервизија на Народната банка, а тоа е сигурен и стабилен банкарски систем. Исто така, се пропишува дека доколку во периодот по донесувањето на решението на гувернерот тој да ја спроведе продажбата на акциите во име на акционерот, до продажбата на аците банката исплатила дивиденда на останатите акционери, банката е должна, во рок од осум дена од денот на добивањето на известувањето за стекнување со акциите, дивидендата да му ја исплати на новиот сопственик (став 4). Акционерот кој нема да ги отуѓи акциите во определениот рок од страна на гувернерот, не може да биде или да стане акционер во банка (став 5).

Имајќи предвид дека со член 31 став 2 од Законот за Народната банка на Република Македонија е утврдено дека стабилноста на банкарскиот систем и мерките кои Народната банка ги презема заради постигнување и одржување на стабилноста на банкарскиот систем, претставуваат јавен интерес, произлегува дека мерките пропишани со Законот за банките, кои гувернерот ги презема доколку банката, банкарската група, акционерите или органите на банката не ги почитуваат прописите со кои е уредено работењето на банките или нивните интерни процедури, спаѓаат во групата на мерки кои се преземаат заради постигнување и одржување на стабилноста на банкарскиот систем и како такви претставуваат јавен интерес утврден со Законот за Народната банка на Република Македонија. Затоа, мерките кои претставуваат ограничување на правата кои произлегуваат од сопственоста на акциите - одземање на правото на глас во собранието на акционери и одземање на правото на исплата на дивиденда, кои гувернерот ги презема према акционерите кои се здобиле со акции спротивно на одредбите од Законот за банките или за кои е повлечена согласноста, претставуваат посебни мерки и постапка кои гувернерот ги презема заради постигнување и одржување на стабилноста на банкарскиот систем, што значи дека истите претставуваат јавен интерес утврден со закон.

Согласно наведените мерки, акционерот кој се стекнал со акции без согласност од гувернерот, односно за кои согласноста е повлечена, има право, во рокот определен од гувернерот, да ги отуѓи акциите. До истекот на овој рок, акционерот има право на исплата на дивиденда, доколку до тој рок се врши исплата на дивидендата. По истекот на овој рок, продажбата на акциите во име на акционерот ќе ја изврши гувернерот, а доколку има исплата на дивиденда по овој рок, истата ќе му се исплати на новиот сопственик на акциите.

Во истото Решение се наведува дека законодавецот исто така определил наведените акции да се продаваат по пат на јавна берзанска аукција, согласно со правилата на овластена берза од Комисијата за хартии од вредност, со што се овозможува транспарентност на постапката и примена на правилата на организиран пазар на хартии од вредност во Република Македонија, што значи можност преку понуда и побарувачка на берзата, да се постигне пазарна вредност на акциите.

Како и претходниот предмет, актуелно укинатите одредби во Законот за банки (кој во меѓувреме претрпи одредени измени), се оспорени со слична аргументација, но фактички се занимаваат со истото правно прашање.

Законските измени повторно определуваат дека Гувернерот презема мерки и определува рокови за нивно спроведување доколку банката, банкарската група, акционерите или органите на банката не ги почитуваат прописите со кои е уредено работењето на банките или нивните интерни процедури, меѓу кои можат да бидат и некои дополнителни мерки (член 131 став 1 и 2). Дополнителните мерки се подробно регулирани во посебен член (член 133) каде во точка 3 се наведува дека Гувернерот може да забранува, ограничува или наложува посебни услови за исплата на дивиденда и за остварување на права од акции. Тргнувајќи од надлежноста која Гувернерот ја добива во овој член, членот 137 носи наслов “Ограничување на права од акции“ а двата актуелно укинати става наведуваа дека: “Ако акционерот од ставот (2) на овој член не ги отуѓи акциите во определениот рок, гувернерот во рок од осум дена од истекот на определениот рок донесува решение со кое утврдува дека тие акции, покрај право на глас, на акционерот не му носат и право на исплата на дивиденда и ќе се спроведе продажба на акциите во име на акционерот од ставот 2 на овој член“ (член 137 став 3) и “Доколку во периодот по донесувањето на решението од ставот 3 на овој член до продажбата на акциите банката исплатила дивиденда на останатите акционери, дивидендата за акционерот за кој со решението од ставот 3 на овој член е утврдено дека нема право на исплата на дивиденда, се распределува во општата резерва на банката“ (член 137 став 4).

И во овој случај јасно е дека целта на мерките кои се предвидени во член 137 претставуваат една интегрална, заокружена целина на дејствија за заштита на сигурноста и стабилноста на банката преку забранување, ограничување или наложување на посебни услови за остварување на правата од акции, односно правото на глас и исплата на дивиденда. Евидентно, наведените мерки се преземаат само во случаи кога е наруше-

на финансиската состојба и стабилност на банката и истовремено е доведено во прашање навременото извршување на нејзините обврски кон доверителите односно депонентите на банката, односно целта е заштита на сопственоста на овие правни или физички лица. Воедно, ваквата заштитна мерка се реализира и кон самите акционери од причина што натамошното влошување на финансиската состојба на банката претставува основа за донесување на одлука за воведување на администрација или стечај во банката. И повторно, бидејќи е евидентно дека ваквите мерки целат кон обезбедување на стабилност на банкарскиот систем тие недвојбено претставуваат јавен интерес кој е законски утврден на овој начин. Сопственоста која ужива посебна уставна гаранција според член 30 став 1 од Уставот создава истовремено и права и обврски и истата треба да служи за добро и на поединецот и на заедницата. Постоењето на јасно препознатлив јавен интерес во обезбедувањето на стабилен банкарски систем преку одговорна заштита и управување со сопственоста, законски детално регулирана во случај на постоење на сопственост која е стекната на нелегален начин е гаранција токму на доследно почитување на овој член на Уставот.

Во прилог на неповедување на постапката за овие укинати членови говори и мошне издржаното мислење доставено до Судот од страна на Министерството за финансии. Мислењето се повикува на Базелските принципи за банкарската супервизија од кои произлегува исклучивото законско овластување на Народната Банка на Република Македонија (член 7, став 1 точка 9 од Законот за Народната банка на Република Македонија) да уреди постапка за лиценцирање и супервизија на банка. Оттаму, како што е наведено, лиценцирањето на акционерите е еден од основните меѓународни принципи и стандарди за стекнување на статус акционер на банка и има за цел да обезбеди сигурно работење со туѓите средства и нивна заштита, ефикасна супервизија, намалување на потенцијалните ризици кои би можеле да го загрозат работењето на банките и одржување на стабилноста на банкарскиот систем во целина.

Мислењето исто така појаснува дека на акционерот кој стекнал акции во банка без претходна согласност или на кој му е повлечена издадената согласност, му се дава можност во рок од 180 дена самиот да ги продаде на берза, по пазарна вредност и без да го изгуби правото на дивиденда. Укинатите ставови 3 и 4 се однесуваат за случаи кога по истекот на рокот од 180 дена акционерот не ги отуѓи акциите, во кој случај гувернерот донесува решение со кое утврдува дека акционерот го губи и правото на дивиденда и ќе спроведе продажба во име на акционерот, по пат на јавна берзанска аукција. Доколку по периодот на донесување на решението до продажбата на акциите банката исплатила дивиденда, истата ќе се распредели во општата резерва на банката. Ова значи дека за распределба на добивката ќе одлучи највисокиот орган на банката, односно собранието на акционери а не гувернерот на Народната банка. Гувернерот ја спроведува продажбата на акциите во име на акционерот, а средствата од продажбата на акциите согласно член 138 став 12 од Законот за банките му припаѓаат на акционерот, со што се обезбедува соодветен надоместок за акциите, а дивидендата се распределува во општата резерва на банката, со што се јакне стабилноста на самата банка и нејзината капитална база. Ова е мерка која се однесува на ограничување на правото на дивиденда само на периодот од донесување на решението на гувернерот до продажбата на акциите.

Имајќи ја предвид целата горенаведена опсежна аргументација од досегашната судска пракса и искажаното мислење на Министерството за финасии а кои коинцидираат и со мојот став по ова прашање, сметам дека е изненадувачка измената на ставот на Судот, при отсуство на некое поопсежно образложение кои би дало поелаборирана спротивна аргуменација од веќе постојната. Воедно се надевам дека ќе бидат изнајдени нови методи и мерки кои ќе ги анулираат евентуалните негативни реперкусии кои ќе произлезат од укинувањето на овие две одредби.

Судија
на Уставниот суд,
д-р **Наташа Габер-Дамјановска**, с.р.

АГЕНЦИЈА ЗА СУПЕРВИЗИЈА НА ОСИГУРУВАЊЕ

351.

Врз основа на членовите 202 и 222 став (3), а во врска со член 112 став (1) од Законот за супервизија на осигурување - пречистен текст (“Службен весник на Република Македонија”бр.30/2012), Одлука на Уставен суд бр. 202/2011 (“Службен весник на Република Македонија” бр. 45/2012), Одлука на Уставен суд бр. 130/2011 (“Службен весник на Република Македонија” бр. 60/2012), Одлука на Уставен суд бр. 122/2011 (“Службен весник на Република Македонија” бр. 64/2012) и Одлука на Уставен суд бр. 129/2011(“Службен весник на Република Македонија” бр. 23/2013) и член 2 и 4 од Правилникот за потребната документација за добивање на дозвола за работа како овластен акутар (“Службен весник на Република Македонија” бр. 119/2011), Агенцијата за супервизија на осигурување донесе

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ИЗДАВАЊЕ НА ДОЗВОЛА ЗА РАБОТА КАКО ОВЛАСТЕН АКТУАР

1. СЕ ИЗДАВА дозвола за работа како овластен актуар на лицето РОБЕРТ НЕСИМИ со адреса на живеење на ул. Благоја Тоска бр. БЛ 82/ДА-14, Тетово.

2. Ова решение се запишува во Регистарот на лица кои имаат дозвола за работа како овластен актуар што согласно член 5 од Правилникот за потребната документација за добивање на дозвола за работа како овластен актуар, го води Агенцијата за супервизија на осигурување.

3.Ова Решение ќе се објави во “Службен весник на Република Македонија.”

4. Ова решение влегува во сила со денот на донесување.

Бр. УП 07-1-48
20 јануари 2014 година
Скопје

Совет на експерти
Претседател,
д-р **Климе Попоски,** с.р.

352.

Врз основа на членовите 202 и 222 став (3), а во врска со член 145 став (2) од Законот за супервизија на осигурување - пречистен текст (“Службен весник на РМ” бр.30/2012), Одлука на Уставен суд бр. 202/2011 (“Службен весник на РМ” бр.45/2012), Одлука на Уставен суд бр. 130/2011 (“Службен весник на РМ” бр.60/2012), Одлука на Уставен суд бр. 122/2011 (“Службен весник на РМ” бр.64/2012) и Одлука на Уставен суд бр. 129/2011 (“Службен весник на РМ” бр.23/2013) и член 4 став (2) од Правилникот за потребната документација за добивање на дозвола за вршење на осигурително брокерски работи (“Службен весник на РМ” бр. 153/2011), Советот на експерти на Агенцијата за супервизија на осигурување донесе

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ИЗДАВАЊЕ ДОЗВОЛА ЗА ВРШЕЊЕ ОСИГУРИТЕЛНО БРОКЕРСКИ РАБОТИ

1. СЕ ИЗДАВА ДОЗВОЛА за вршење на осигурително брокерски работи на Осигурително брокерското друштво С.Т.М. БРОКЕР ПЛУС АД, Скопје со седиште на ул. Коце Металец бр. 1 д/1-3, Скопје, при што како основач се јавува физичкото лице, Марјан Николовски со адреса на живеење ул.Коце Металец бр. 1 д/1-3, Скопје, со 100% учество во акционерскиот капитал.

2. Осигурително брокерското друштво од точка 1 на ова Решение ќе врши исклучиво осигурително брокерски работи.

3. Осигурително брокерското друштво од точка 1 на ова Решение е должно да склучи договор за осигурување од професионална одговорност со кој ќе ги осигура своите обврски кон сопствениците на полиси во случај на прекршување на одредбите од договорот за посредување до еден осигурен износ, кој во однос на поединечен случај не смее да биде помал од 250.000 ЕВРА (двесте и педесет илјади евра) и/или во врска со сите осигурени случаи во една година не смее да биде помал од 500.000 ЕВРА (петстотини илјади евра), веднаш по уписот во Централниот Регистар на Република Македонија, за што е должно да ја извести Агенцијата за супервизија на осигурување во рок од 5 (пет) работни дена од денот на склучување на договорот за осигурување.

4. Осигурително брокерското друштво од точка 1 од ова Решение, за вршење на осигурително брокерски работи е должно да вработи најмалку двајца осигурителни брокери , веднаш по уписот во Централниот Регистар на Република Македонија, за што е должно да ја извести Агенцијата за супервизија на осигурување во рок од 5 (пет) работни дена од денот на пријавување на работниците во Агенцијата за вработување на Република Македонија.

5. Уписот во Централниот Регистар на Република Македонија на Осигурително брокерското друштво од точка 1 на ова Решение, да се изврши по приложен доказ за уплатени парични средства во износ од 50.000 ЕВРА (педесет илјади евра) во денарска противвредност на име на основачки капитал на Друштвото, на сметка кај носител на платен промет во Република Македонија.

6. Ова Решение ќе се објави во "Службен весник на Република Македонија" и истото ќе се запише во регистарот на осигурителни брокерски друштва што го води Агенцијата за супервизија на осигурување.

7. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето.

Бр. УП 07-1-947 Совет на експерти
6 декември 2013 година Претседател,
Скопје д-р **Климе Попоски,** с.р.

353.

Врз основа на членовите 202 и 222 став (3), а во врска со член 112 став (1) од Законот за супервизија на осигурување - пречистен текст ("Службен весник на Република Македонија"бр.30/2012), Одлука на Уставен суд бр. 202/2011 ("Службен весник на Република Македонија" бр. 45/2012), Одлука на Уставен суд бр. 130/2011 ("Службен весник на Република Македонија" бр. 60/2012), Одлука на Уставен суд бр. 122/2011 ("Службен весник на Република Македонија" бр. 64/2012) и Одлука на Уставен суд бр. 129/2011("Службен весник на Република Македонија" бр. 23/2013) и член 2 и 4 од Правилникот за потребната документација за добивање на дозвола за работа како овластен акутар ("Службен весник на Република Македонија" бр. 119/2011), Агенцијата за супервизија на осигурување донесе

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ИЗДАВАЊЕ НА ДОЗВОЛА ЗА РАБОТА КАКО ОВЛАСТЕН АКТУАР

1. СЕ ИЗДАВА дозвола за работа како овластен актуар на лицето ЛИДИЈА РИСТЕСКА со адреса на живеење на ул. Никола Парапунов бр. 27/3-30, Скопје.

2. Ова решение се запишува во Регистарот на лица кои имаат дозвола за работа како овластен актуар што согласно член 5 од Правилникот за потребната документација за добивање на дозвола за работа како овластен актуар, го води Агенцијата за супервизија на осигурување.

3.Ова Решение ќе се објави во "Службен весник на Република Македонија."

4. Ова решение влегува во сила со денот на донесување.

Бр. УП 07-1-955 Совет на експерти
15 декември 2013 година Претседател,
Скопје д-р **Климе Попоски,** с.р.

354.

Врз основа на членовите 202 и 222 став (3), а во врска со член 112 став (1) од Законот за супервизија на осигурување - пречистен текст ("Службен весник на Република Македонија"бр.30/2012), Одлука на Уставен суд бр. 202/2011 ("Службен весник на Република Македонија" бр. 45/2012), Одлука на Уставен суд бр. 130/2011 ("Службен весник на Република Македонија" бр. 60/2012), Одлука на Уставен суд бр.122/2011 ("Службен весник на Република Македонија" бр. 64/2012) и Одлука на Уставен суд бр. 129/2011("Службен весник на Република Македонија" бр.23/2013) и член 2 и 4 од Правилникот за потребната документација за добивање на дозвола за работа како овластен акутар ("Службен весник на Република Македонија" бр. 119/2011), Агенцијата за супервизија на осигурување донесе

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ИЗДАВАЊЕ НА ДОЗВОЛА ЗА РАБОТА КАКО ОВЛАСТЕН АКТУАР

1. СЕ ИЗДАВА дозвола за работа како овластен актуар на лицето КРИСТИНА ЕВТИМОСКА со адреса на живеење на ул. Христо Смирнески бр. 41, Скопје.

2. Ова решение се запишува во Регистарот на лица кои имаат дозвола за работа како овластен актуар што согласно член 5 од Правилникот за потребната документација за добивање на дозвола за работа како овластен акутар, го води Агенцијата за супервизија на осигурување.

3.Ова Решение ќе се објави во "Службен весник на Република Македонија."

4. Ова решение влегува во сила со денот на донесување.

Бр. УП 07-1-982 Совет на експерти
12 декември 2013 година Претседател,
Скопје д-р **Климе Попоски,** с.р.

355.

Врз основа на членовите 202 и 222 став (3), а во врска со член 145 став (2) од Законот за супервизија на осигурување - пречистен текст ("Службен весник на РМ" бр.30/2012), Одлука на Уставен суд бр. 202/2011 ("Службен весник на РМ" бр.45/2012), Одлука на Уставен суд бр. 130/2011 ("Службен весник на РМ" бр.60/2012), Одлука на Уставен суд бр. 122/2011

("Службен весник на РМ" бр.64/2012) и Одлука на Уставен суд бр. 129/2011 ("Службен весник на РМ" бр.23/2013) и член 4 став (2) од Правилникот за потребната документација за добивање на дозвола за вршење на осигурително брокерски работи ("Службен весник на РМ" бр. 153/2011), Советот на експерти на Агенцијата за супервизија на осигурување донесе

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ИЗДАВАЊЕ ДОЗВОЛА ЗА ВРШЕЊЕ ОСИГУРИТЕЛНО БРОКЕРСКИ РАБОТИ

1. СЕ ИЗДАВА ДОЗВОЛА за вршење на осигурително брокерски работи на Осигурително брокерското друштво АМ БРОКЕР АД, Скопје со седиште на ул. 16-та Македонска Бригада бр. 2, Скопје, при што како основачи се јавуваат:

- Правното лице, Друштвото за внатрешен и надворешен промет АУТОМАКЕДОНИЈА АД Скопје со седиште на ул. 16-та Македонска бригада бр. 2, Скопје и ЕМБС 4058097, со 40% учество во акционерскиот капитал;
- физичкото лице, Тони Лукановски со адреса на живеење ул. Доситеј Обрадовиќ бр. 13, Скопје, со 30% учество во акционерскиот капитал;
- физичкото лице, Димитар Мојсовски со адреса на живеење ул. Франклин Рузвелт, бр. 67/12, Скопје, со 10% учество во акционерскиот капитал;
- физичкото лице, Светозар Јаневски со адреса на живеење ул. Елисие Поповски Марко бр.10-2/7, со 10% учество во акционерскиот капитал; и
- физичкото лице, Зоран Василевски со адреса на живеење ул. Руди Чајавец бр.10/1-15, со 10% учество во акционерскиот капитал.

2. Осигурително брокерското друштво од точка 1 на ова Решение ќе врши исклучиво осигурително брокерски работи.

3. Осигурително брокерското друштво од точка 1 на ова Решение е должно да склучи договор за осигурување од професионална одговорност со кој ќе ги осигура своите обврски кон сопствениците на полиси во случај на прекршување на одредбите од договорот за посредување до еден осигурен износ, кој во однос на поединечен случај не смее да биде помал од 250.000 ЕВРА (двесте и педесет илјади евра) и/или во врска со сите осигурени случаи во една година не смее да биде помал од 500.000 ЕВРА (петстотини илјади евра), веднаш по уписот во Централниот Регистар на Република Македонија, за што е должно да ја извести Агенцијата за супервизија на осигурување во рок од 5 (пет) работни дена од денот на склучување на договорот за осигурување.

4. Осигурително брокерското друштво од точка 1 од ова Решение, за вршење на осигурително брокерски работи е должно да вработи најмалку двајца осигурителни брокери , веднаш по уписот во Централниот Регистар на Република Македонија, за што е должно да ја извести Агенцијата за супервизија на осигурување во рок од 5 (пет) работни дена од денот на пријавување на работниците во Агенцијата за вработување на Република Македонија.

5. Уписот во Централниот Регистар на Република Македонија на Осигурително брокерското друштво од точка 1 на ова Решение, да се изврши по приложен доказ за уплатени парични средства во износ од 50.000 ЕВРА (педесет илјади евра) во денарска противвредност на име на основачки капитал на Друштвото, на сметка кај носител на платен промет во Република Македонија.

6. Ова Решение ќе се објави во "Службен весник на Република Македонија" и истото ќе се запише во регистарот на осигурителни брокерски друштва што го води Агенцијата за супервизија на осигурување.

7. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето.

Бр. УП 07-1-1011
26 декември 2013 година
Скопје

Совет на експерти
Претседател,
д-р **Климе Попоски,** с.р.

356.

Врз основа на членовите 202 и 222 став (3), а во врска со член 112 став (1) од Законот за супервизија на осигурување - пречистен текст ("Службен весник на Република Македонија"бр.30/2012), Одлука на Уставен суд бр. 202/2011 ("Службен весник на Република Македонија" бр. 45/2012), Одлука на Уставен суд бр. 130/2011 ("Службен весник на Република Македонија" бр. 60/2012), Одлука на Уставен суд бр.122/2011 ("Службен весник на Република Македонија" бр. 64/2012) и Одлука на Уставен суд бр. 129/2011("Службен весник на Република Македонија" бр.23/2013) и член 2 и 4 од Правилникот за потребната документација за добивање на дозвола за работа како овластен акутар ("Службен весник на Република Македонија" бр. 119/2011), Агенцијата за супервизија на осигурување донесе

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ИЗДАВАЊЕ НА ДОЗВОЛА ЗА РАБОТА КАКО ОВЛАСТЕН АКТУАР

1. СЕ ИЗДАВА дозвола за работа како овластен актуар на лицето БИЛЈАНА КОТЕСКА со адреса на живеење на ул. Маршал Тито бр. 12, Демир Хисар.

2. Ова решение се запишува во Регистарот на лица кои имаат дозвола за работа како овластен актуар што согласно член 5 од Правилникот за потребната документација за добивање на дозвола за работа како овластен актуар, го води Агенцијата за супервизија на осигурување.

3.Ова Решение ќе се објави во "Службен весник на Република Македонија."

4. Ова решение влегува во сила со денот на донесување.

Бр. УП 07-1-1092
31 декември 2013 година
Скопје

Совет на експерти
Претседател,
д-р **Климе Попоски,** с.р.

РЕГУЛАТОРНА КОМИСИЈА ЗА ЕНЕРГЕТИКА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

357.

Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија, врз основа на член 22 став 1 точка 16, член 39 став 2 од Законот за енергетика („Службен весник на РМ“ бр. 16/11, 136/11, 78/13 и 164/13) и член 32 од Правилникот за лиценци за вршење на енергетски дејности („Службен весник на РМ“, бр. 143/11 и 79/13), постапувајќи по барањето на Друштвото за проектирање, консалтинг, изградба, производство и трговија со енергија ОТВОРЕНА ЕНЕРГИЈА ДОО Скопје, за влегување во сила на лиценца за производство на електрична енергија на седницата одржана на ден 22.1.2014 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ВЛЕГУВАЊЕ ВО СИЛА НА ЛИЦЕНЦА ЗА ВРШЕЊЕ НА ЕНЕРГЕТСКА ДЕЈНОСТ ПРОИЗВОДСТВО НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА

1. Лиценцата на Друштвото за проектирање, консалтинг, изградба, производство и трговија со енергија ОТВОРЕНА ЕНЕРГИЈА ДОО Скопје за вршење на енергетска дејност производство на електрична енергија од фотонапонска централа, издадена со Одлука УП1 бр. 07-93/12 од 14.06.2012 година („Службен весник на РМ“ бр. 76/12), влегува во сила.

2. Лиценцата е прилог 1 на оваа одлука.

3. Жалбата изјавена против оваа Одлука не го одлага нејзиното извршување.

4. Оваа одлука влегува во сила со денот на објавување во „Службен весник на Република Македонија“.

УП1 Бр. 07-93/12
22 јануари 2014 година
Скопје

Претседател,
Димитар Петров, с.р.

Прилог 1

ЛИЦЕНЦА
ЗА ВРШЕЊЕ НА ЕНЕРГЕТСКА ДЕЈНОСТ
ПРОИЗВОДСТВО НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА

1. Име и седиштето на носителот на лиценцата

Друштвото за проектирање, консалтинг, изградба, производство и трговија со енергија ОТВОРЕНА ЕНЕРГИЈА ДОО Скопје со седиште на ул. Мито Хаџи Василев Јасмин бр. 48 Градски ѕид бр. 5 Скопје

2. Енергетска дејност за која се издава лиценцата

Производство на електрична енергија

3. Датум на издавање на лиценцата

22.01. 2014 година

4. Датум до кога важи лиценцата

22.01. 2049 година

5. Евидентен број на издадената лиценца

ЕЕ - 95.01.1/11

6. Број на деловниот субјект – 6525865

7. Единствен даночен број – 4080009506193

8. Вид и обем на енергетската дејност што ќе се врши

Како енергетска дејност производство на електрична енергија, во смисла на оваа лиценца, се смета производство на електрична енергија што носителот на лиценцата ќе го врши со фотонапонска централа, во обем согласно техничките карактеристики на производниот капацитет.

9. Локација на вршење на енергетската дејност

Носителот на лиценцата, енергетската дејност производство на електрична енергија од обновливи извори ќе го врши од фотонапонска централа „ФЕЦ Дуброво 950 kW“, со моќност од 949,90 kW, изграден на КП бр. 1060/1, КО Дуброво, Општина Неготино.

10. Производни капацитети со кои се врши енергетската дејност

Носителот на лиценцата, енергетската дејност производство на електрична енергија ќе ја врши со производен капацитет наведен во Прилог 2 кој е составен дел од оваа лиценца.

11. Право на приклучување, пристап и користење на системот за дистрибуција на електрична енергија

Носителот на лиценцата има право на приклучување, пристап и користење на системот за дистрибуција на електрична енергија заради непречено вршење на енергетската дејност производство на електрична енергија во согласност со закон, друг пропис и општ акт, како и во согласност со Мрежните правила за дистрибуција на електрична енергија одобрени од страна на Регулаторната комисија за енергетика.

12. Права и обврски за носителот на лиценца

Со оваа лиценца се определуваат начинот и условите за вршење на енергетската дејност производство на електрична енергија, правата и обврските на Друштвото за проектирање, консалтинг, изградба, производство и трговија со енергија ОТВОРЕНА ЕНЕРГИЈА ДОО Скопје (во понатамошниот текст: носител на лиценцата) и неговото учество на пазарот на електрична енергија.

Носителот на лиценцата е должен:

- да обезбеди достапност на договорената енергија и/или системски услуги до точката на прием во преносниот или дистрибутивниот систем, во согласност со лиценцата,
- да работи согласно со законите, другите прописи, како и мрежните правила за пренос или мрежните правила за дистрибуција, пазарните правила, и условите определени во лиценците,
- да доставува извештаи, податоци и информации до операторот на електропреносниот систем или операторот на дистрибутивниот систем, во согласност со мрежните правила за пренос или мрежните правила за дистрибуција,

- да доставува до операторот на пазарот на електрична енергија и до операторот на електропреносниот систем податоци и информации од договорите за продажба на електрична енергија, расположливост на производниот капацитет и/или системски услуги, освен комерцијално-финансиските податоци во согласност со пазарните правила, и

- да обезбеди електрична енергија за сопствените потреби од своите капацитети или од отворен пазар

- да ги одржува во исправна и функционална состојба, производните капацитети кои се вклучени во процесот на производство на електрична енергија, согласно прописите за ваков вид на постројки.

13. Обврска за одвоена сметководствена евиденција

Носителот на лиценцата е должен:

- во своите интерни пресметки да води одвоена евиденција за секоја од енергетските дејности за кои што поседува лиценца за вршење на енергетска дејност;

- во согласност со сметководствените стандарди со кои се уредува сметководственото работење на претпријатието да изготвува финансиски извештаи кои ќе обезбедат информации за средствата, обврските, капиталот, приходите и расходите со резултатите од работењето, како и паричните текови на претпријатието; и

- да обезбедува консолидирани финансиски извештаи.

14. Обврска за доставување на Годишен извештај за финансиското и деловното работење

Носителот на лиценцата е должен до Регулаторната комисија за енергетика најдоцна до 10 март во тековната година да достави годишен извештај за делокругот на своето работење, вклучувајќи го и извештајот за финансиското и деловното работење во претходната година. Годишниот извештај со сите прилози задолжително се доставува и во електронска форма.

Носителот на лиценцата е должен до Регулаторната комисија за енергетика најдоцна до 10 март во тековната година да достави годишен извештај за работењето на претходната година. Годишниот извештај содржи податоци особено за:

1) опис и обем на вршењето на енергетската дејност во текот на годината;

2) комплет годишна сметка составена од: биланс на состојба и биланс на успех, извештај за промените во главнината, извештај за паричните текови, применетите сметководствени политики и други објаснувачки белешки подготвени во согласност со важечката законска регулатива;

3) превземени мерки:

- за заштита на опремата и објектите од надворешни влијанија и хаварии и осигурување на објектите и опремата за вршење на енергетска дејност;

- за заштита при работа;

- за вршење на дејноста во услови на кризна состојба, промена на условите на светскиот пазар, како и воена и вонредна состојба.

4) реализирање на планот за работа кој што се однесува на соодветната година;

15. Обврска за доставување на други извештаи, информации и податоци во врска со вршењето на енергетската дејност

Носителот на лиценцата е должен до Регулаторната комисија за енергетика да доставува:

- во писмена и/или електронска форма, квартални и годишни извештаи за количините на произведената и испорачаната електрична енергија на точка на прием во системот за дистрибуција на електрична енергија;

- известување за сите околности, настани и промени кои што имаат или би можеле да имаат влијание врз вршењето на енергетската дејност производство на електрична енергија како и други промени во работењето предвидени во правилникот.

16. Мерење на произведената електрична енергија и моќност

Мерење на произведената, односно испорачаната електрична енергија во дистрибутивниот систем се врши во пресметковното мерно место во постапка и начин утврден согласно Мрежните правила за дистрибуција на електрична енергија.

17. Обврска за овозможување на пристап до производните единици и непосреден увид во документацијата

Носителот на лиценцата е должен по барање на Регулаторната комисија за енергетика, да и овозможи непосреден увид во целокупната документација, како и пристап во објектите, деловните простории, простори, инсталации, како и на средствата и опремата потребни за вршење на енергетската дејност, во согласност со Правилникот за лиценци за вршење на енергетски дејности.

18. Квалитет на услугата

Носителот на лиценцата е должен да обезбеди технички средства и други услови кои ќе овозможат постојан квалитет на произведената електрична енергија, согласно Мрежните правила за дистрибуција на електрична енергија.

Носителот на лиценцата е должен да врши постојан мониторинг на параметрите кои го определуваат квалитетот на произведената електрична енергија и по барање на Регулаторната комисија за енергетика, да доставува писмен извештај за движењето на сите параметри кои што го определуваат квалитетот на произведената електрична енергија во определен временски период.

19. Изменување и продолжување како и пренесување, престанување, суспендирање и одземање на лиценцата

Изменување и продолжување, како и пренесување, престанување, суспендирање и одземање на оваа лиценца ќе се врши во согласност со одредбите од Законот за енергетика и од Правилникот за лиценци за вршење на енергетски дејности.

20. Мерки во случај на неисполнување на обврските од страна на носителот на лиценцата

Доколку носителот на лиценцата не ги исполнува обврските содржани во оваа лиценца, Регулаторната комисија за енергетика ќе превземе мерки согласно Правилникот за лиценци за вршење на енергетски дејности.

Прилог 2

Податоци за фотонапонска централа приклучен на дистрибутивна мрежа согласно Табела VI:

1. Име на фотонапонска централа:
- Фотоволтаична централа „ФЕЦ Дуброво 950 kW“;

2. Локација на фотоволтаичниот систем на дистрибутивната мрежа:
- Приклучок од среднонапонска 10(20) kV ќелија во ТС 35/10/6/ kV ТЕЦ Неготино;

3. Општи податоци:
- година на почеток на градба: 2012 год.;
- година на завршеток на градба: 2014 год.;
- година на почеток на работа: 2014 год;
- проценет животен век на фотоволтаичниот систем: 35 години;
- зголемување на капацитетот, број на фотоволтаични модули и номинална моќност по години не е предвидена;

4. Податоци за опрема:
- број на фотоволтаични модули 3680 модули;
- тип, производител и номинални податоци на фотоволтаичниот модул тип:Q.PRO-G2 245W x460 модули и Q.PRO-G3 260W x3220 модули ;
- производител: HANWHA Q. CELLS GMBH Germany;

Номинални податоци за фотонапонска централа:
- моќност на модул 245 W; напон 29,73 V; струја 8,32 А и за модул 260 W; напон 30,18 V; струја 8,70 А
- вкупна моќност на ФВ централа: 460 x 245 +3220 x 260 = 949,90 kW;
- тип, производител и номинални податоци на батерија: нема батерија;
- тип, производител и номинални податоци на инвертор:
- тип: инвертор SUNNY TRIPOWER 15000TL X 16 и SUNNY TRIPOWER 2000TL X 28;
- производител: SMA;
- номинални податоци: моќност од 16x15 kW и 28 x 20 kW, AC напон 400 V;

5. Годишно сончево зрачење на таа локација: 4.291 kWh/m2 на хоризонтална површина;

6. Очекувано производство на електрична енергија: 1.136.101 MWh.

Службен весник на Република Македонија

www.slvesnik.com.mk contact@slvesnik.com.mk

Издавач: ЈП СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, ц.о.-Скопје
бул. „Партизански одреди” бр. 29. Поштенски фах 51.
Директор и одговорен уредник – м-р Тони Трајанов.
Телефон: +389-2-55 12 400.
Телефакс: +389-2-55 12 401.

Претплатата за 2014 година изнесува 10.100,00 денари.
„Службен весник на Република Македонија“ излегува по потреба.
Рок за рекламации: 15 дена.
Жиро-сметка: 300000000188798.
Депонент на Комерцијална банка, АД - Скопје.
Печат: ГРАФИЧКИ ЦЕНТАР ДООЕЛ, Скопје.

ISSN 0354-1622
2014013